Број 25 Година XVI

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, декември 2022

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2023 година

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2023 година, донесена на осумнаесета седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/2
Датум:29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2023 година

Вовед

Секторот за екологија и енергетска ефикасност преку изработка и имплементација на квалитетна и издржана програма за 2023 година ќе придонесе кон спроведување на законските одредби кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Законот за заштита на животната средина, Законот за енергетика, Законот за енергетска ефикасност, Националните стратегии за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, и усвоените програми од Советот на Општина Карпош (ЛЕАП, Програма за ЕЕ), а воедно и имплементација на мерки и активности во поглед на подобрување и заштита на животната средина.

Секторот во својот состав содржи две одделенија – Одделение за екологија и Одделение за енергетска ефикасност. Проектните задачи кои се спроведуваат преку активностите во овие две одделенија во секторот, имаат за цел подигнување на свеста на граѓаните за заштита на животната средина во просторот на опфатот на Општината, намалување на потрошувачката на енергија и заштита на животниот стандард на граѓаните, примена на обновливи извори на енергија во замена на фосилните горива, со што како крајна цел е намалувањето на емисиите на CO_2 во воздухот.

I. Развојни приоритети и цели

- Општината Карпош на својата територија ги спроведува мерките и активностите кои се доделени на локалната самоуправа, а се однесуваат на областите заштита на животната средина (екологија) и енергетската ефикасност;

- Општината да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани;
- Анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно активно учество на граѓаните;
- Програмата да врши едукација на поединци и/или групи во заштитата и подобрувањето на еколошките стандарди, што ќе придонесе за развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата и тоа што значи да се биде енергетски ефикасен во одвивање на процесите;
- Програмата предвидува и реализација на мерките и обврските за енергетска ефикасност кои Општината Карпош ги потпиша и се обврза за нивно спроведување во Конвенцијата на Градоначалници на Европски Градови и Општини.

II. Проектни активности

1. Одделение за екологија

Одделението за екологија своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

1.1. Јавна чистота и хигиена,
1.2. Паркови, јавно зеленило и хортикултура,
1.3. Урбана опрема,
1.4. Имплементација на ЛЕАП-от,
1.5. Субвенции и други проектни активности.

1.1.	Јавна чистота и хигиена
Опис на активности:	За одржување на јавната чистота, Општината Карпош издвојува значителни средства и енергија со цел одржување, но и подобрување на ефикасноста и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Карпош, како и до сега, и понатаму се стреми да биде најчистата општина во Скопје. Во 2023 година Општината Карпош планира да ангажира помеѓу 85 и 90 сезонски работници кои за својот ангажман ќе бидат исплатени од општинскиот буџет. За непречено одвивање на **редовните активности на**

	ангажираните работници, Општината Карпош ќе издвои средства за: - Финансиски надоместок за работниците (плати, придонеси, итн), 37.000.000,00 денари - Набавка на ново товарно возило за чистење и подигање на отпад 3.500.000,00 денари - Набавка на нова техничка опрема и механизација за работниците (косилки, тримери, пили, дувалки итн.), 1.800.000,00 денари - Набавка на ХТЗ и друга заштитна опрема, 800.000,00 денари - Набавка на алат, материјал и друга опрема (метли, пластични канти, гребла, лопати, итн.), 700.000,00 денари - Набавка на резервни делови и друг материјал за одржување на машините за косење трева, 300.000,00 денари - Поставување и одржување на мобилни тоалети на територијата на Општина Карпош. 1.000.000,00 денари
Стратешки насоки и цели:	• Одржување, подобрување и унапредување на јавната хигиена во општината; • Зголемување на ефикасноста во областа на јавната чистота и хигиена • Подобрување на состојбата со јавните зелени површини
Очекувани резултати:	Почиста, поздрава и поубава општина
Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**45.100.000,00 денари**
1.2.	**Паркови, јавно зеленило и хортикултура**

1.2.1.	Одржување на постојното јавно зеленило
Опис на активности:	***Одржување и реконструкција на јавни тревни површини*** Оваа активност ги опфаќа постојните парковски површини, односно замена на оштетената трева со нова трева. По потреба и дотур на нова, квалитетна земја заради поголема ефикасност во садењето на новата трева. Оваа година се планирани значителни средства за рехабилитација на деградираните зелени површини, со што ќе се даде мал придонес за намалување на ПМ честичките во Карпош. ***Одржување и полевање на младите дрвја*** На дрвјата кои беа насадени изминативе 2-3 години од страна на Општината Карпош, потребно им е редовно полевање и одржување, особено во летниот период. За таа цел, во текот на летото 2022 година беа ангажирани две цистерни кои ги полеваа дрвцата. Беше воведена и втора смена за оваа намена. И во 2023 година ќе продолжи оваа активност. Со имплементирање на овие активности се зголемува процентот на преживување на новонасадените дрвца, кој и сега се движи помеѓу 80 и 90 %. ***Одржување на системите за наводнување*** На претходно поставените на зеленилото околу Плоштадот Делфина во Влае, на плоштадот во УЗ Пецо Божиновски Кочо (спроти студентскиот дом Гоце Делчев), на кружниот тек кај средното училиште Георги Димитров, на зелените површини кај платото со фонтаната во Карпош 3, плоштадот во Бардовци, кај платото “Млечен”, во дворот на ООУ Лазо Трповски, зелените површини на ул. Никола Русински (кај ТЦ Лептокарија) и други локации, на ул. Иван Аговски во Карпош 1, Московска и Женевска во Тафталице 2, кај Воените кули во Нерези, во ТЦ Лептокарија во Карпош 3, во дворот на ООУ Петар Поп Арсов во Карпош 4 и ООУ Војдан Чернодрински во УЗ Владо Тасевски, паркот спроти хотел Карпош

	во УЗ Владо Тасевски, паркот помеѓу ул. Соле Стојчев и ул. Желево во УЗ Карпош 4 и тревникот кај Вегера во УЗ Тафталице 1. Овие системи за наводнување неопходно треба да се поправаат и одржуваат, со цел споменатите зелени површини да бидат во добра состојба и функционални.
Стратешки насоки и цели:	Јавното зеленило за кое се грижи Општината Карпош да биде функционално и во добра состојба
Очекувани резултати:	• Уредени јавни површини со украсно зеленило, • Средени тревни површини, • Полеани јавни зеленила, • Уредени дрвјата на територијата на Карпош.
Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**5.000.000,00 денари**
1.2.2.	**Изградба на нови парковски површини и јавно зеленило**
Опис на активности:	***Садење на нови листопадни и зимзелени садници*** Општината Карпош ќе продолжи да посветува внимание на хортикултурното уредување на зелените површини. За таа цел на определен број на локации ќе биде извршено садење на нови дрвца. Се планираат две акции на садење на дрвца, во пролетниот и есенскиот период од годината. Планирана е и изработка на стручна анализа, односно студија која ќе содржи спецификација на видот на дрвја кои може да се засадат, како и број на истите по урбани заедници, но и по други потези на територијата на Општина Карпош (како што е парк шумата Водно и јавните површини што гравитираат кон Волково и патот кон Косово). Со оваа студија ќе им се олесни на сите надлежни институции при

	понатамошното планирање и реализација на садење дрвја, т.е. пошумување, со што ќе се обидеме да дадеме придонес во борбата за намалување на аерозагадувањето. Најавени се и неколку донации од страна на општествено одговорни правни субјекти за ново зеленило и дрвца, кои се секогаш добредојдени.
Стратешки насоки и цели:	Подобрување на состојбата на јавните зелени површини
Очекувани резултати:	- Нови уредени зелени површини - Зголемен број на дрвја во парковите
Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**1.900.000,00 денари**
1.3.	**Урбана опрема**
1.3.1.	**Одржување на урбаната опрема**
Опис на активности:	***Одржување и санација на оштетени парковски клупи за седење и корпи за отпадоци*** Дел од поставените клупи се оштетени од забот на времето и временските услови, па така неопходна е интервенција и санирање на даските од клупите, како и на нивната конструкција (доколку е потребно). Покрај што бројот на корпи за смет на јавните површини во Општина Карпош е недоволен, еден дел од истите се оштетени и/или вон функција. Санација (таму каде што е можно) и замена (онаму каде што не е можна поправка) на оштетените корпи се секако потребни. ***Одржување на детските и спортските игралишта*** На територијата на Општината Карпош има голем број на детски игралишта, кои поради експлоатација

	на истите со тек на времето, треба да се санираат, заменуваат, бојадисуваат и слично. За жал, реквизитите на овие игралишта често се и мета на неодговорни граѓани кои најчесто во доцните вечерни часови намерно ги оштетуваат. Акцентот во 2023 година ќе биде на пофреквенто и поефикасно санирање на оштетувањата, како и замена на материјалот на најчесто оштетуваните реквизити, се разбира во рамките на финансиските можности. Во врска со реквизитите на спортските игралишта, исто така ќе се врши чест мониторинг и оштетените реквизити ќе бидат санирани во најкус можен рок. ***Одржување и санација на оштетени огради и други браварски работи*** Се работи за реконструкција на оградите и останати браварски работи (настрешници и сл.) и нивно тековно одржување. ***Одржување на фонтаните*** Изградените пет фонтани кои се наоѓаат на плоштадот Делфина во Влае, на платото во Карпош 3, на плоштадот во Бардовци, плоштадот во УЗ П.Б.К (спроти студентски дом Гоце Делчев) и во близина на Адреналинскиот парк на кејот на реката Вардар, како и евентуално други фонтани кои би се изградиле во следниов период, треба редовно да се одржуваат и зачуваат во исправна состојба.
Стратешки насоки и цели:	Исправна и функционална урбана опрема која ќе служи за релаксација на граѓаните
Очекувани резултати:	Одржувани и функционални клупи за седење, корпи за отпадоци, реквизити на детски и спортски игралишта, метални огради, настрешници, летниковци, фонтани итн.
Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош
Предвидена финансиска	**7.500.000,00 денари**

рамка:	
1.3.2.	**Поставување на нова урбана опрема**
Опис на активности:	***Детски игралишта*** Изградбата на новите игралишта со реквизити безбедни за децата се врши или на локации кои се со многу оштетени и застарени реквизити или на сосема нови локации. Во 2023 година Општината Карпош предвидува и изградба не едно ново детско игралиште кое ќе биде поинакво од другите, односно со многу нови содржини и современи и атрактивни реквизити. ***Клупи и корпи*** Поставувањето на нови клупи за седење и корпи за отпадоци исто така ќе продолжи во 2023 година, а ќе се реагира како по барање на урбаните заедници и самите граѓани, така и по увид на лице место од страна на стручните служби на Општина Карпош. ***Учество во новиот парк на кејот на р. Вардар*** Планираниот парк кој треба да се изгради во непосредна близина на кејот на р. Вардар, во урбаната заедница Карпош 4, е во надлежност на Градот Скопје, но Општината Карпош ќе одвои средства за да ја олесни реализацијата на паркот. Една од фазите е урбаната опрема, за што Карпош ќе одвои 3.000.000 денари.
Стратешки насоки и цели:	Нова урбана опрема за одржливост на јавната хигиена, како и за одмор и релаксација на граѓаните
Очекувани резултати:	Нови функционални клупи за седење, корпи за отпадоци, детски игралишта, фитнес зони, огради, настрешници, летниковци, фонтани итн.
Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош
Предвидена финансиска	**6.500.000,00 денари**

рамка:	
1.4.	**Имплементација на ЛЕАП-от преку годишни активности**
Опис на активности:	***Имплементирање на ЛЕАП 2 за 2023 година и реализација на проектите и активностите од Акцискиот план за 2023 година.*** По усвојување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2023 година, ќе следи комисиско определување на активностите за имплементација на проекти во рамките на ЛЕАП 2. За таа цел Комисијата за спроведување на активностите од ЛЕАП ќе изработи Акциски план за 2023 година со конкретни мерки и активности за реализација, кој потоа ќе биде усвоен на седница на Советот на Општина Карпош. Во тој Акциски план на годишно ниво ќе бидат определени приоритетните проекти предвидени за реализација во 2023 година, а меѓу другите ќе бидат опфатени и следниве активности: - Подготовка на ЛЕАП 3 за периодот 2024-2029 година, - Изработка на студија за фреквентност на сообраќајот во Општина Карпош, - Заедничка активност со Здружението “Мама Органа Био” , а во врска со набавка и поставување на мобилна компостара на територијата на Општина Карпош, - Набавка на 5-6 електрични тротинети за потребите на вработените во општинската администрација, и многу други активности.
Стратешки насоки и цели:	Карпош – еколошки просперитетна општина; здрава животна средина за сите граѓани
Очекувани резултати:	Имплементација на определен број на активности предвидени во ЛЕАП-от со што би се дал придонес за

	почиста и поздрава животна средина.
Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**1.200.000,00 денари**
1.5.	**Субвенции и други проектни активности**
1.5.1.	**Субвенционирање на купување на велосипеди, електрични тротинети и електрични велосипеди за граѓаните на Карпош**
Опис на активности:	Општината Карпош планира во текот на 2023 година да ја реализира оваа проектна активност со цел да го промовира користењето на велосипедите, електричните тротинети и електричните велосипеди како превозни средства, но и како средства за рекреација. Активноста ќе се спроведе по истиот терк како и досега, односно по принципот “прв дојден, прв услужен”. Планирано е купувањето на нов велосипед за граѓаните на Карпош да биде субвенционирано со 30% од неговата вредност, но не повеќе од 3.000 денари, а за електричните тротинети и велосипеди исто со 30% од вредноста, но со максимален износ од 5.000 денари. И оваа година граѓаните аплицирањето ќе можат да го извршат освен преку архивата на Општина Карпош, и по електронски пат. Со спроведувањето на оваа активност граѓаните на Општината Карпош, покрај веќе изградената солидна инфраструктурна велосипедска мрежа, ќе

	добијат уште еден стимул за користење на алтернативни превозни средства кои не го загадуваат воздухот и животната средина.
Стратешки насоки и цели:	• Почиста животна средина во општината, односно помала емисија на штетни гасови; • Намалување на сообраќајот; • Подобрување на здравјето на граѓаните – корисници на велосипеди и електрични тротинети и велосипеди.
Очекувани резултати:	Почиста општина, поздрави граѓани
Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**700.000,00 денари**
1.5.2.	**Ветеринарна заштита за бездомни животни (мачки)**
Опис на активности:	Подносител на овој проект е Здружението за заштита на животни “Феникс Петс” во соработка со Ветеринарната амбуланта “Др. Јасминка ван дер Флиер” и главната цел на истиот е ублажување на проблемот со големиот број на бездомни мачки во смисол на контрола и здравствена заштита. Благосостојбата на бездомните животни е загрозена поради повеќе проблеми, какш што се неухранетоста, болестите, повредите од сообраќајните несреќи и преку борба, а исто така животните се жртви на нехумани методи на убивање, како што е труењето со отров, електричен шок и давење и сурови методи на фаќање. По безбедното фаќање и транспортирање на

	бездомните мачки, за нивниот третман постојат две понатамошни сценарија кои зависат од тоа во каква состојба е животното. Доколку мачката е премногу стара, агресивна или беспомошна истата се заспива, додека останатите се подложуваат на кастрирање, маркирање, прочистување од црви и нивна вакцинација пред да се пуштат.
Стратешки насоки и цели:	• Заштита на граѓаните од зоонози, кои ги пренесуваат мачките скитници; • Намалување на агресијата од мачки во сезона на парење; • Заштита на бездомните мачки, редуцирање на нивниот број и нивно трајно вдомување, • Воспоставување на волонтерска служба за редовно собирање на бездомните мачки.
Очекувани резултати:	Третман на 50-100 бездомни мачки месечно и значително намалување на нивниот број во временски рок од 5 до 6 години.
Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**200.000,00 денари**

2. Одделение за енергетска ефикасност

Одделението за енергетска ефикасност своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

2.1. Јавно осветлување,
2.2. Активности од областа на енергетската ефикасност.

2.1.	**Јавно осветлување**

2.1.1.	***Замена на постоечките светилки со штедливи ЛЕД светилки на територијата на Општина Карпош***
Опис на активности:	Со реализацијата на оваа активност се предвидува во текот на наредната година да се заменат 60-65% од вкупниот број на натриумови светилки со нови ЛЕД светилки. Секако дека бројот на заменетите светилки ќе зависи од цената што ќе се постигне преку процесот на јавна набавка. Исто така ќе бидат заменети и 108 позиции на натриумови светилки во дворните места на училиштата, додека рефлекторите од 400W инсталирани на спортските и детските игралишта се веќе комплетно заменети (вкупно 244 позиции). Очекуваните заштеди на годишно ниво се 60% од сегашната инсталирана снага на заменетите светилки. 23.000.000,00 денари ***Поправки, одржување и реконструкција на јавното осветлување*** Искуството од 2013 година па наваму, односно поделбата на територијата на Општина Карпош на два реони и соодветно на тоа одржувањето со два економски оператори, се покажа како модел поуспешен од претходниот кога само еден економски оператор беше ангажиран за одржување на јавното осветлување. Поради тоа, овој модел ќе се применува и во 2023 година. Освен замена на прегорените светилки и отклонување на појавените дефекти, се планира и реконструкција на старите системи за јавно осветлување, што подразбира промена и на комплетната инсталација, вршење на ископи за санација на дефекти, како и заштита и бојадисување на столбовите или нивна замена доколку е потребна. 4.000.000,00 денари ***Такси за електрични приклучоци***

	Во текот на тековната година Општината Карпош повремено има потреба од набавка и поставување на нови електрични броила со цел да ја одвои, односно регулира, сопствената потрошувачка на електрична енергија од други субјекти. Финансиските трошоци за таа активност се предвидени од овој дел од Програмата.
Стратешки насоки и цели:	- Со реализација на оваа проект се отвара простор во наредниот временски период целосно да се реши проблемот со функционирањето на јавното осветлување во општината, - Исправна инсталација за јавно осветлување на целата територија на Општината Карпош.
Очекувани резултати:	- Помала потрошувачка на електрична енергија и средства за јавно осветлување ефикасен систем и функционирање на мрежата без дефекти и застои безбедни улици и јавни површини за граѓаните, - Ефикасно јавно осветлување, односно осветлени сите јавни содржини и површини со минимална потрошувачка на електрична енергија.
Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**56.000.000,00 денари** (27.000.000,00 и 29.000.000,00 за сметки за потрошена електрична енергија)
2.1.2.	**Изградба на нови системи на јавно осветлување**
Опис на активности:	*Подготовка на проектна документација* Проектната документација е законска обврска доколку на постојниот систем се приклучуваат нови линии и светилки. Новите проекти треба да бидат исклучиво со ЛЕД светилки кои ќе имаат приклучок на постојните ормари за улично осветлување. *Ново јавно осветлување* И понатаму останува потребата осветлувањето да биде поврзано со изградбата на нови сообраќајници,

	нови зелени површини и пешачки зони кои се планираат за наредниот период. Во 2023 година се планира поставување на ново улично осветлување на ул. Бледски договор во Карпош 3, како и на повеќе сообраќајници во Бардовци и Криви дол, а по потреба и на други локации во Карпош. ***Учество во новиот парк на кејот на р. Вардар*** Втора фаза на учество во споменатиот парк е осветлувањето, за што Карпош ќе одвои 4.000.000 денари.
Стратешки насоки и цели:	Осветлување на сите новоизградени површини
Очекувани резултати:	Високоефикасно ЛЕД осветлување на јавните површини, зголемување временската употребливост на овие содржини вечерните часови.
Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**8.000.000,00 денари**
2.2.	**Активности од областа на енергетската ефикасност**
Опис на активности:	1. **Субвенционирање на енергетско ефикасни фасади** Согласно потпишаниот договор со партнерот од овој проект “Хабитат Македонија”, кој ќе ги поддржи Заедниците на сопственици на станови и куќните совети со поволни услови за давање средства за учество во проектот, ќе се создадат услови да се започне со реализација со учество на финансиски средства од Општината Карпош. Критериумите и условите за субвенционирање ќе бидат утврдени и спроведени од страна на Комисија составена од стручни лица вработени во општината. **Вредност на инвестицијата 18.500.000,00 денари**

	2. Субвенционирање на енергетско ефикасни кровови Општината Карпош продолжува со активностите за субвенционирање на енергетско ефикасни кровови. Според претходното искуство, ќе се распише јавен повик на кој граѓаните ќе имаат прилика да аплицираат. Согласно објавените критериуми ќе биде направена ранг листа, по што ќе започне реализацијата со учество на финансиски средства од Општината Карпош. **Вредност на инвестицијата 3.000.000,00 денари** **3. Прва фаза за поставување на Фотоволтаични системи на покривите на основните училишта и детските градинки на територија на општина Карпош** Општина Карпош има за цел рационално и ефикасно користење на сите видови на енергија и на тој начин да оствари заштеда во буџетот и пренасочување на финансиските заштеди во подобрување на работата на останатите сектори во општината. Енергетската криза која донесе поскапување на нафтата, гасот, и особено на електричната енергија, но и стравот за недостиг на наведените ресурси, го става во преден план користењето на обновливи извори на енергија. По изработка на соодветна проектно-техничка документација, Општината Карпош, во рамките на финансиските можности, планира да постави на фотоволтаичен систем на некој од објектите на основните училишта и детските градинки. Придобивките од таа активност се повеќекратни, како од финансиски аспект, така и од аспект на заштита на животната средина. **Вредност на инвестицијата: 2.000.000,00 денари** **4. Замена на котелскиот систем за греење на нафта во ООУ „Аврам Писевски“ со систем на ОИЕ –термални пумпи воздух/вода**

	Ова е последниот систем на фосилно гориво во Општината и со изработениот проект во 2021 година се предвидува негова замена со термални пумпи воздух/вода во високо температурен режим (55^{0}C) на греење со постојниот радијаторски систем во објектот. Ваквиот систем ќе овозможи и ладење во летниот период во режим 12-17^{0}C преку радијаторскиот систем во овие простории кои се користат во летниот период. Спроведувањето на проектот се планира да се добие преку аплицирање по јавен повик на некоја од странските донаторски организации. **Без фискални импликации** **5. Замена на внатрешното осветлување во спортската сала во ООУ Аврам Писевски со ЛЕД осветлување** Во спортската сала на гореспоменатото училиште нема соодветно осветлување, а има голема инсталирана снага и проблеми за замена на постојните флуо светилки и рефлекторите со користење на скеле. Потребно е инсталирање на ЛЕД светилки што ќе го подобри квалитетот, а воедно и ќе се постигне значителна заштеда на потрошувачката на електрична енергија. **Вредност на инвестицијата 250.000,00 денари** **6. Изработка на Енергетски пасоши за сите јавни објекти во надлежност на општината.** Општина Карпош направи реконструкции со мерки за ЕЕ на сите 10 основни училишта и 12 објекти на градинките на територија на општината. Во 2012 год. за сите училишта се направени банери со енергетски карактеристики согласно тогашната состојба на објектите. Општината има обврска со новиот Закон за ЕЕ и Правилникот за Енергетски карактеристики на

	објектите да изработи „Енергетски пасоши“ за сите објекти кои ќе бидат врамени и истакнати на влезот на секој објект. Оваа обврска може да биде реализирана само преку лиценцираните фирми (вкупно 74) во Републиката. **Без фискална импликација (средства од надворешен донатор)** 7. **Учество во проектот „ EXCITE - Стандарди за одличност, инвестирај во доверба: сервиси за енергетски менаџмент прилагодени на локалните власти во Источна Европа“, од програмата ХОРИЗОН 20/20 на Европската унија, спроведен од Хабитат – Македонија.** Општината Карпош, заедно со општините Кичево и Кочани е партнер во проектот „EXCITE“ со кој ќе се спроведува ЕЕА методологијата на локално ниво. Ова е развиен и напреден европски систем за управување со квалитет и афирмација кога се во прашање политики, програми, проекти и мерки за подобрување на енергетската ефикасност, користењето на обновливи извори на енергија и климатските промени. ЕЕА методологијата ги поддржува локалните власти во воспоставување пристапи за спроведување ефективни мерки за енергетска и климатска политика. **Без фискални импликации** 8. **Учество во проектот „ComAct – Активности за намалување на енергетската сиромаштија прилагодени во заедницата“, од програмата ХОРИЗОН 20/20 на Европската унија, спроведен од Хабитат - Македонија** Општината Карпош е партнер во проектот „ComAct“ со кој ќе се воведуваат прилагодени мерки за намалување на енергетската сиромаштија во станбените згради. Главна цел е да се овозможи скапите и најефикасни

	мерки за подобрување на енергетската ефикасност на објектот да бидат достапни и лесно да се управуваат од страна на заедниците кои се соочуваат со енергетска сиромаштија. **Без фискални импликации** **9. Учество во проектот „EnergyMEASURES – Прилагодени мерки за енергетски ранливите домаќинства“, од програмата ХОРИЗОН 20/20 на Европската унија, спроведен од Хабитат Македонија** Општината Карпош е партнер во проектот „EnergyMEASURES“ кој се однесува на спроведување координирани програми за енергетска потрошувачка во која се вклучени домаќинства и посочување на структурните проблеми поврзани со енергетската сиромаштија. За ублажување на енергетската сиромаштија најефективно и одржливо средство е намалувањето на потребата за електрична енергија, што вклучува подобрување на енергетските перформанси на живеалиштата и промовирање енергетски ефикасни навики кај ранливите домаќинства. **Без фискални импликации** **10. Изработка на проектна документација за три активности од областа на енергетската ефикасност** За потребите на Секторот за екологија и ЕЕ, односно за да се овозможи евентуално учество на повик од страна на некоја донаторска организација, се планира изработка на три проектни документации: - Проект за поставување на фотоволтаични системи на објектите во надлежност на Општина Карпош **Вредност на инвестицијата: 300.000,00 денари**

	- Физибилити студија за формирање на јавно претпријатие за производство и трговија со електрична енергија **Вредност на инвестицијата: 300.000,00 денари** - Проект за замена на внатрешното осветлување во основните училишта во Општина Карпош со ново ЛЕД осветлување **Без фискални импликации**
Стратешки насоки и цели:	Унапредување на енергетската ефикасност во областите кои се во надлежност на Општина Карпош
Очекувани резултати:	Намалување на трошоците преку намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија; подобар и поефективен увид на потрошувачката и постепено воведување на алтернативни (обновливи) извори на енергија.
Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**24.350.000,00 денари**

Вкупна предвидена финансиска рамка:

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **156.450.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

IV. Завршни одредби

Секторот за Екологија и енергетска ефикасност со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број:09-9396/8
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2023 година

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2023 година, донесена на осумнаесета седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/3
Датум:29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 3; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2023 година

Согласно заложбите на Секторот за развој на Општина Карпош, во оваа програмата се опфатени различни проекти кои ги вклучува граѓаните на Општина Карпош, невладиниот сектор, како и малите и средни претпријатија, со цел преку одредени активности, мерки, обуки и проекти да се придонесе за подигнување на локалниот економски развој на територија на Општина Карпош

1. Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за полагање на теоретски и практичен дел за добивање на возачка дозвола Б категорија

I. Развојни приоритети и цели

Општина Карпош за втор пат преку Секторот за развој ќе ја спроведе мерката за поттикнување и помош на млади лица кои живеат во Општина Карпош да полагаат возачка дозвола, при тоа целиот износ за обука од теоретскиот и стручниот дел да им биде субвенциониран односно вратен.
Оваа мерка се планира да се спроведе како резултат на тоа да се поттикнат младите веднаш по завршување на средното образование или со наполнети 17 години и шест месеци, да посетуваат и да полагаат возачка дозвола се со цел во следниот период да бидат поконкурентни на пазарот на труд и полесно да ги исполнат условите за добивање работа.
За да се спроведе оваа активност, најнапред општината ќе спроведе постапка за избор на авто школи кои ќе понудат минимална цена за обука утврдена во Правилникот за минимална цена за оспособување на возачи. По избор на најповолните авто школи и потпишување на договорите, општината ќе пристапи кон распишување на Јавен повик за субвенционирање на млади лица кои во 2023 година ќе наполнат 18 години.

II. Проектни активности

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА АВТО ШКОЛИ

Критериуми за учество на авто школата:	➢ Авто школата да има лиценца за работа за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија ➢ Авто школите да имаат најмалку 5 (пет) возила во своја сопственост или на располагање и истите да бидат за оспособување на кандидатите за Б категорија. ➢ Да има најмалку 5 (пет) реномирани возачи - инструктори со лиценца за оспособување на кандидати за возачи за Б категорија, вработени во авто школата или на располагање. ➢ Авто школите да имаат на располагање канцеларија за прием на кандидати, како и училница за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства според Закон, но не подалеку од 3км од седиштето на Општина Карпош ул. Радика бр.9, 1000 Скопје.
Критериуми за избор на авто школа	➢ За најповолни понуди ќе бидат избрани понудите на авто школите ќе понудат минимална цена за обука утврдена во Правилникот за минимална цена за оспособување на возачи во авто школа за следење на обуки од теоретскиот и практичниот дел на кандидатите за возачи за Б категорија, согласно минималните

	пресметани елементи на вредност. ➢ Доколку понудувачот не е ДДВ обврзник истиот треба да достави документ од УЈП како доказ
Потребна документација	➢ Тековна состојба. ➢ Копија од лиценца за работа за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија. ➢ Копија од сообраќајна или договор за располагање со возила за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија во прилог со копија од сообраќајна . ➢ Копии од лиценци за инструктори, листа од АВРМ за вработени во авто школата или договор за отстапување на инструкторите со копии од лиценци. ➢ Да имаат на располагање канцеларија за прием, како и училница за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства според Закон (приложување на договор за закуп или внесена во тековна состојба). ➢ Канцелатијата за прием на кандидати и училницата за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства да работи не помалку од (1) година од денот на објавување на овој повик и истите да се на растојание по патна инфраструктура не подалеку од 3км од седиштето на Општина Карпош ул. Радика бр.9,1000 Скопје.
	Отварањето на понудуте ќе биде јавно

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА МЛАДИ ЛИЦА

Критериуми за субвенционирање :	1. Секое лице кое ќе поднесе барање за субвенционирање за полагање на стручен дел за возачка дозвола мора да е жител на Општина Карпош и да е веќе жител на општината минимум 3 години до денот на поднесување на барањето. 2. Ќе се субвенционираат млади лица кои во 2023 година ќе наполнат 18 години. 3. Лицето да ги исполнува условите согласно законот за полагање возачки испит т.е. да поседува одобрено лекарско уверение. 4. Субвенционирањето ќе биде 100% од износот кои се наплатува за теоретска и практична обука. 5. Ќе се земат во предвид само лицата кои уплатиле за полагање на возачка дозвола по датумот на објавување на Јавниот повик и во авто школите кои имаат склучено Договор со Општина Карпош произлезен од Јавниот повик за авто школи
Потребни документи:	1. Барање за субвенционирање за поврат на 100% од вкупниот износ за теретска и практична обука 2. Копија од лична карта како доказ за живеење и година на раѓање 3. Копија на лична карта од двајцата родители како доказ дека живеат минимум 3 години во Општина Карпош 4. Копија од фискална сметка за извршена уплата за теретска и практична обука во автошколата
Предвидена финансиска рамка:	**5.000.000,00 денари**

2. “Печатење на Стратешки План за локален развој на Општина Карпош 2022 – 2026 и ревидиран Профил на Општина Карпош”

I. Развојни приоритети и цели

Досега Општина Карпош има изработено и имплементирано четири Стратегиски планови за развој, и тоа за периодите 2002-2004, 2006-2008, 2009-2013 и 2015-2019 година, додека пак Стратешкиот план за развој за 2022-2026 ќе биде имплементиран во тековниот период. Со споменатите Стратешки планови беа предвидени голем број на проекти и активности, од кои, значителен број беа успешно имплементирани. Реализацијата на проектите придонесе Општина Карпош да забележи видлив развој во сите сфери на нејзиното работење, посебно во делот на грантирање на проектите од страна на домашни и странски донатори. Овој документ прави пресек на досега преземените активности за планирање на локалниот развој во Општината и дава преглед на најважните делови на тој процес.

За таа цел потребно е негово печатење со цел дистрибуција и прикажување до донаторите при аплицирање на проектите.

Се планира печатење на 50 Стратешки планови и стотина Профили на Општина Карпош.

Предвидена финансиска рамка: 100.000 денари

3. Крводарителска акција

I. Развојни приоритети и цели

Општина Карпош е препознатлива по дарување на најголем број крвни единици од сите други општини во Македонија. Акцијата се организира заедно со Завод за трансфузиологија и Црвен крст од Општина Карпош, во самата општина, на која се поканууваат сите граѓни од цела територија на Република Македонија да земат учество.

II. Проектни активности

1.	
Опис на активности:	Поставување на пунктови на територија на О.Карпош два пати во годината (мај и октомври)

Стратешки насоки и цели:	Вклучување во хуманитарна акција и дарување на крв.
Очекувани резултати:	Обезбедување на голем број на крвни единици
Целна група:	Граѓани на О.Карпош, граѓани на Град Скопје
Предвидена финансиска рамка:	**70.000,00 денари**

4. Членство во Европската асоцијација за локална демократија - АЛДА

I. Развојни приоритети и цели

Да се биде членка на АЛДА, значи пред се споделување на нивната мисија-промоција на добро владеење и граѓанско учество на локално ниво.

II. Проектни активности

1.	
Опис на активности:	Членство во Европската асоцијација за локална демократија – АЛДА
Стратешки насоки и цели:	Можности за финансирање и развој на проекти
Очекувани резултати:	➢ Предност при понудени можности за партнерство во проекти ➢ Поддршка во повеќејазичниот тим на Алда во фазата на подготовка на предлог проекти ➢ Идентификација на соодветни меѓународни партнери во специфични области ➢ Поддршка во процесот на склучување на партнерство и споделување на повици за партнерство ➢ Препознавање на потенцијални донатори
Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**73.000,00 денари** (членство во АЛДА)

Табеларен приказ на буџетот по проекти:

Проект	Предвидена финансиска рамка
1. Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за полагање на теоретски и практичен дел за добивање на возачка дозвола Б категорија	5.000.000,00
2. Печатење на Стратешки План за локален развој на Општина Карпош 2022 – 2026 и ревидиран Профил на Општина Карпош	100.000,00
3 Крводарителска акција	70.000,00
4.Членство во Европската асоцијација за локална демократија - АЛДА	73.000,00
ВКУПНО	5.243.000,00

Вкупниот буџет за реализација на програмата на секторот за развој е 5.243.000,00денари.

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **5.243.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2023 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

IV. Завршни одредби

Секторот за развој со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма.

Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-9396/9
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2023 година

1. Се објавува Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2023 година, донесена на осумнаесета седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/4
Датум:29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр 275/19) Советот на Општина Карпош на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2023 ГОДИНА

Програмата содржи:

I. Просторот на уредување;
II. Обемот на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
III. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на секундарната инфраструктура;
IV. Извори на финансирање на Програмата;
V. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште;
V I. Висина на надоместок за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;
V II. Начин на распределба на средствата за изградба и одржување на инфраструктурата;
VIII.. Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти;
IX. Граници на комплексите за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
X. Динамика за извршување на Програмата;

I. ПРОСТОР НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изграденото и неизграденото градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош определено со ДУП.

II. ОБЕМОТ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,
- решавање на имотно правните односи,
- расчистување на градежна парцела (селидба, уривање и транспорт).

III. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ ОД СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Во смисла на оваа Програма, градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Службен весник на РМ” бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14,107/14 и 115/14 и 149/15), со тоа што Општина Карпош врши опремување на градежното земјиште со инфраструктура од значење за општината утврдена со ДУП, и тоа:

а) објекти за заедничка комунална потрошувачка согласно ДУП:

- изградба на сервисни и станбени улици и други површини;
- изградба на секундарна атмосферска канализациона мрежа;
- изградба на јавно осветлување на сервисни и станбени улици;
- изградба на јавно зеленило од надлежност на Општина Карпош
- изградба на пречистителна станица за отпадни води (локална).

б) објекти за индивидуална комунална потрошувачка:

- изградба на секундарна водоводна мрежа;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа;

Уредувањето на градежното земјиште се врши по обезбедувањето на правни и технички услови и материјални средства.

IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2023 година, се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку Буџетот на Општина Карпош за 2023 година и ги опфаќа работите предвидени со програмите Ф1, Ф2, ФА, ФД, ГА, ГД, ВА, ЈО, Ј3, Ј4,Ј6, Ј7, Ј8, Ј9, ЈА, ЈД, ЈО, ЈИ, ЈМ, ЈН, ЛА, НА и П1 како следува:

ПРИХОДИ

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови приходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ	**259.619.000,00**
71				**Даночни приходи**	**210.000.000,00**
	717			Даноци на специфични услуги	210.000.000,00
		7171		Комунални даноци	210.000.000,00
			717137	Надомест за уредување на градежно земјиште	155.000.000,00

			717116	Комунална такса за јавно осветлување	55.000.000,00
72				**Неданочни приходи**	**40.381.000,00**
	725			Други неданочни приходи	40.381.000,00
		7259		Други неданочни приходи	40.381.000,00
			725939	Други неданочни приходи	40.381.000,00
73				**КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**	**4.000.000,00**
	733			Продажба на земјиште И нематријални вложувања	4.000.000,00
		7331		Продажба на земјиште И нематријални вложувања	4.000.000,00
			733144	Надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект	4.000.000,00
74				**Трансфери и даноци**	**5.238.000,00**
	741			Трансфери од други нивоа на власта	5.238.000,00
		7411		Тековни трансфери од други нивоа на власт	5.238.000,00
			741113	Трансфери од буџетите на фондовите	5.238.000,00

Овие приходи се распоредуваат на програмите и потпрограмите :

П Р О Г Р А М А
За урбано планирање на Општина Карпош
За 2023 година

Програмата за урбано планирање (Ф) се состои од следните подпрограми:

1. Ф.1О. ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

2. Ф.2О. ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

(тековно-оперативни трошоци)

3. Ф.АО. ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

(капитални трошоци)

4. Г.ДО. ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

1. Ф1О - ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
2.Ф2О - ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
(тековно-оперативни трошоци)

ВОВЕД:
Тековно-оперативните трошоци за урбанистичко планирање се наменети за подготовка на урбанистички планови. За таа цел се донесува годишна програма за изработка на :

- Детални урбанистички планови
- Урбанистички планови за село
- Урбанистички планови вон населено место

Под-Програмата за урбанистичко планирање се финансира од следните извори на средства:

РАСХОДИ

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	ВИДОВИ НА РАСХОДИ	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
	ВКУПНИ РАСХОДИ				**3.950.000,00**
42	**Урбанистичко планирање**				**3.950.000,00**
	425			Договорени услуги	**3.950.000,00**
		4256		Урбанистичко планирање	950.000,00
			425640	Изработка на урбанистички планови, геодетски подлоги и ревизија	950.000,00
		4259		Други договорни услуги	3.000.000,00
			425940	Рушење на објекти	3.000.000,00
				Рушење на објекти на територија на	

				Општина Карпош и асистенција	3.000.000,00

3. ФАО -ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)

РАСХОДИ

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНИ РАСХОДИ	**14.550.000,00**
48	**Капитални расходи**				**12.550.000,00**
	482		Други градежни објекти		12.550.000,00
		4829		Изградба на други објекти	12.550.000,00
			482910	Подготовка на проекти	2.350.000,00
			482920	Изградба на други објекти	10.000.000,00
				А) Изградба на водоводна мрежа и проекти	4.000.000,00
				Договорни обврски спрема корисниците кои имаат платено надоместок за уредување на градежно земјиште	
				Б) Изградба на фекална	

				канализација со проекти	3.000.000,00
				Договорни обврски спрема корисниците кои имаат платено за уредување и надоместок на градежно замјиште	
				В) Изградба на атмосферска канализација со проекти	2.500.000,00
				Договорни обвски спрема корисниците кои имаат платено за уредување и надоместок на градежно земјиште	
				Е) Изградба на пристапни патеки за лица со посебни потреби	500.000,00
				- На цела територија на Општината сите пешачки премини-рампи - Општински објекти, училишта и градинки.	
			482940	**Надзор над изградбата**	**200.000,00**
	485		**Други нефинансиски средства**		**2.000.000,00**
		4854		Нематријални средства	2.000.000,00
			485420	Надомест за одземен имот	2.000.000,00

4. ГДО- ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	26.500.000,00
46	**Субвенции и трансфери**				26.500.000,00
	464		Разни трансфери		26.500.000,00
		4649		Разни трансфери	26.500.000,00
			464990	Други трансфери -фасади -лифтови -кровови - учество во проекти за поставување на системми со фотоволтаиоци на објекти на основни училишта и детските градинки	 18.500.000,00 4.000.000,00 3.000.000,00 1.000.000,00

П Р О Г Р А М А
За комунални дејности на Општина Карпош
За 2023 година

Програма за комунални дејности се состои од следните Под-програми:

1. БАО- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)
2. ЈОО- ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА
3. ЈЗО- ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
4. Ј4О- ЈАВНА ЧИСТОТА
5. Ј6О- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАРПОШ
6. Ј7О-ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
7. Ј8О-ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
8. ЈАО- ИЗГРАДБА НА НОВИ СИСТЕМИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
9. ЈДО- ИЗГРДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ
10. ЈЕО- ИЗГРАДБА НА ПАРКИРАЛИШТА
11. ЈМО- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ И ЗЕЛЕНИЛО
12. ЈНО- УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)
13. ЛАО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
14. НАО-ОБРАЗОВАНИЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

15. Н10-ОБРАЗОВАНИЕ

16. П10- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА

17. ЕАО-КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА

1. ВАО- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	1.200.000,00
48	**Капитални расходи**				1.200.000,00
	482		Други градежни објекти		1.200.000,00
		4829		Други градежни објекти	1.200.000,00
			482930	Реконструкција на други објекти	1.200.000,00

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари

ОПШТИНА КАРПОШ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОДРШКА И
ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТТАТА НА СОВЕТОТ

1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	**12.500.000,00**
42	**Стоки и услуги**				**12.500.000,00**
	424		Поправка и тековно одржување		12.500.000,00
		4243		Поправка и тековно одржување	12.500.000,00
			424390	Одржување на други градби	12.500.000,00
				– Одржување на клупи – Одржување на корпи за отпадоци – Одржување на огради и други браварски работи – Одржување на детски и спортски игралишта – Одржување на патеката за ролери	

2.ЈОО- ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

РАСХОДИ:

3. ЈЗО- ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

РАСХОДИ

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	**56.000.000,00**
42	**Стоки и услуги**				**56.000.000,00**
	421		**Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт**		**29.000.000,00**
		4211		Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт	29.000.000,00
			421110	Електрична енергија	29.000.000,00
	424			**Поправка и тековно одржување**	**27.000.000,00**
		4243		Поправка и тековно одржување	27.000.000,00
			424390	Одржување на други градби - Одржување на електрична инсталација, канделабри и промена на светилки и новогодишно украсување	27.000.000,00

4. ЈАО- ЈАВНА ЧИСТОТА

РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	**40.800.000,00**
42	**Стоки и услуги**				**40.800.000,00**
	421		**Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт**		**2.000.000,00**
		4211		Други комунални такси	1.000.000,00
			421190	Други комунални такси	1.000.000,00
		4214		Транспорт	1.000.000,00
			421410	Горива и масла	1.000.000,00
	423		**Ситен инвентар, алати и други материјали за поправка**		**1.800.000,00**
		4239		Ситен инвентар, алати и други материјали за поправка	1.800.000,00
			423990	Други материјали	1.800.000,00
	427			**Привремени вработувања**	**37.000.000,00**
		4271		Привремени вработувања	37.000.000,00
			427110	Други договорни услуги - Ангажирање на сезонски работници	37.000.000,00

5. Ј6О- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	**13.000.000,00**
42	**Стоки и услуги**				**13.000.000,00**
	424		Поправки и тековно одржување		13.000.000,00
		4243		Поправки и тековно одржување	13.000.000,00
			424320	Одржување на автопати, улици и патишта – Локални патишта (за крпење на ударни дупки – ЈП за државни патишта) – Зимско одржување на улици и патишта (ЈП за државни патишта) Одржување на улици и патишта од програмата за	1.571.000,00 1.048.000,00 3.381.000,00

				уредување на градежно земјиште	
			424390	Одржување на улици и проекти - Крпење на ударни дупки, прокопи од програмата за уредување на градежно земјиште	7.000.000,00

6. Ј7О-ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	**6.000.000,00**
42	**Стоки и услуги**				**6.000.000,00**
	424		Поправки и тековно одржување		6.000.000,00
		4245		Поправки и тековно одржување	6.000.000,00

			424590	Одржување на други зелени	

				површини – Одржување и реконструкција на јавно зеленило	6.000.000,00

7. ЈВО-ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	**1.200.000,00**
42	**Стоки и услуги**				**1.200.000,00**
	424		Поправки и тековно одржување		1.000.000,00
		4242		Поправки и тековно одржување	1.000.000,00
			424230	– Дезинфекција – Ерадикација – Чистење на одводни канали	1.000.000,00

		426		**Други опертивни расходи**	**200.000,00**
			4269	Други опертивни расходи	200.000,00
			426990	– Подигање на хаварисани возила – Оперативни расходи	200.000,00

8. ЈАО- ИЗГРАДБА НА НОВИ СИСТЕМИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	**4.000.000,00**
48	**Капитални расходи**				**4.000.000,00**
	482		Други градежни објекти		4.000.000,00
		4829		Други градежни објекти	4.000.000,00
			482910	Подготовка на проекти	400.000,00
			482920	Изградба на јавно	

				осветлување, улично, патеки, паркинзи и на јавни - Осветлување на дворни места на ОУ и детски градинки - Осветлување на детски и спортски игралишта	3.000.000,00
			482940	Надзор над изградбата	600.000,00

9.ЈДО- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ

РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	**27.819.000,00**
48	**Капитални расходи**				**22.819.000,00**
	482		Други градежни објекти		22.819.000,00
		4829		Други градежни објекти	22.819.000,00

			482120 482130	Изградба на улици, патишта и автопати (Агенција за државни патишта) Реконструкција на улици, патишта и автопати	2.619.000,00 20.000.000,00
			482910	Подготовка на проекти	100.000,00
			482940	Надзор над изградбата	100.000,00
46		**Субвенции и трансфери**			**5.000.000,00**
	464		Разни трансфери		5.000.000,00
		4649		Други разни трансфери	5.000.000,00
			464910	Плаќање по суд.решенија	5.000.000,00

10.ЈЕО- ИЗГРАДБА НА ПАРКИРАЛИШТА

РАСХОДИ

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	**1.100.000,00**
48	**Капитални расходи**				**1.100.000,00**
	482		Други градежни објекти		1.100.000,00
		4829		Изградба на други објекти	1.100.000,00
			482920	Изградба на други објекти Изградба на паркиралишта, плоштади и платоа во Општина Карпош	1.000.000,00
			482940	Надзор над изградбата	100.000,00

11. ЈМО- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ И

ЗЕЛЕНИЛО

РАСХОДИ:

Катег	**Ставка**	**Основ**	**Потстав**	**Видови расходи**	**Износ во денари**

орија		на ставка	ка		
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	7.200.000,00
48	Капитални расходи				7.200.000,00
	482		Други градежни објекти		7. 200.000,00
		4829		Други градежни објекти	7.200.000,00
			482920	Изградба на други објекти Паркови и жардињери	7.000.000,00
			482940	Надзор над изградбата	200.000,00

12 . ЈНО- УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛЕН РАСХОД)

РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	3.800.000,00
48	Капитални расходи				3.800.000,00
	482		Други градежни објекти		3.800.000,00
		4829		Други градежни објекти	3.800.000,00

			482920	Изградба на други објекти	

				- Клупи - Корпи за отпадоци - Фонтани	3.500.000,00
			482940	Надзор над изградбата	300.000,00

13. ЛАО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	1.000.000,00
42	**Стоки и услуги**				1.000.000,00
48			**Капитални расходи**		1.000.000,00
	482		Други градежни објекти		1.000.000,00
		4829		Поправки и одржување на други градби	1.000.000,00
			482930	Реконструкција на други градби	1.000.000,00
				Реконструкција на спортски и детски игралишта	

14. НАО- ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	**6.600.000,00**
48	**Капитални расходи**				**6.600.000,00**
	482		**Други градежни објекти**		**6.600.000,00**
		4829		Други градежни објекти	6.600.000,00
			482910	Подготвување проекти вклучувајки дизајн на други објект	100.000,00
			482930	Реконструкција на други објекти	6.400.000,00
			482940	Надзор над изградбата	100.000,00

15. Н10- ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	8.000.000,00
42	**Капитални расходи**				8.000.000,00
	424		Поправки и тековно одржување		8.000.000,00
		4242	Одржување на згради		8.000.000,00

		424210	Одржување на згради Оджување на училишните објекти	8.000.000,00

16. П10- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА

РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна ставка	Потставка	Видови расходи	Износ во денари
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	1.400.000,00
46	**Субвенции и трансфери**				1.400.000,00
	464		Разни трансфери		1.400.000,00
		4649		Разни трансфери	1.400.000,00
			464990	Други трансфери -Проекти и едукации -Активности од ЛЕАП	1.400.000,00

17. ЕАО-КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА

РАСХОДИ:

Категорија	Ставка	Основна	Потставка	Видови расходи	Износ во денари

		ставка			
1	2	3	4	5	6
				ВКУПНО РАСХОДИ	23.000.000,00
48	Капитални расходи				23.000.000,00
	481		Градежни објекти		22.500.000,00
		4812	Градежни објекти		22.500.000,00
		481220	Набавка или нова изградба на деловни објекти (изградба на општинска зграда)		22.500.000,00
	482		Други градежни објекти		500.000,00
		4829		Други градежни објекти	500.000,00
			482940	Надзор над изградбата	500.000,00

Реализацијата на програмата ќе зависи од остварените приходи, кои ќе се остварат од надоместокот за уредување на градежно земјиште, капитални дотации и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.
По потреба, во текот на реализација на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција, за што ќе одлучува Советот на Општина Карпош.

V. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

1. Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за подготвување и расчистување.

а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и се во зависност од

погодноста-бонитетот на локалитетот (комплекс), каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

б) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

в) Трошоците за подготвување и расчистување: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.

в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретната градежна парцела што паѓаат на товар на општината ги опфаќаат надоместоците за потполна експропријација и за службеност што се определуваат согласно Законот за експропријација (Службен весник на РМ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14,104/15, 192/16, 178/16 и Службен весник на Република Северна Македонија 122/21) и Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/10, 158/11, 185/11 ,64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16).

в.2)Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

в.3)Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, ги сноси инвеститорот.

Изградените објекти од секундарната комуналната инфраструктура во случај кога е невозможно нивно преместување, а кои остануваат во границите на градежната парцела на инвеститорот или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени. Инвеститорот е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од Општина Карпош за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси инвеститорот.

2. Инвеститорот е должен да обезбеди и достави хидротехнички услови за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка.

Средствата потребни за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа до изведена шахта се остваруваат од надоместок за приклучување што го утврдува давателот на услугата Ј.П.„Водовод и канализација" – Скопје, согласно член 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Службен весник на РМ бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13 10/15 и 147/15,31/16 и Службен весникк на Република Северна Македонија 21/21)

Ј.П. „Водовод и канализација" - Скопје заедно со хидротехничките услови доставува и вкупен износ на реалните трошоци на целосната изведба на мрежите согласно законската регулатива.

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со инвеститорот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата. Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и инвеститорот, се должни да му ги надоместат на Општина Карпош.

VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

Надоместок

За уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште (во понатамошен текст: надоместок).

Висината на надоместокот се регулира со договор за уредување на градежното земјиште што инвеститорот го склучува со Општина Карпош за инфраструктура од значење за општината утврдена со ДУП.

Договорот склучува во електронска и писмена форма.

Висината на надоместокот се определува според основица со состојба на ден 01.01.2017 год. изразена во денари/м^2 нето изградена површина и истата изнесува 33.352,оо денари/м^2.

Основицата од претходниот став месечно се усогласува со промената на индексот на цени на мало, објавен од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен индексот на цени на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Надоместокот може да се плаќа на 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 30% до 50% од износот на надоместокот се плаќа веднаш, а за остатокот до 11 (единаесет) еднакви месечни рати, инвеститорот е должен кај надлежниот општински орган за финансии да достави банкарска гаранција.

Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Градот Скопје и општината и истата претставува збир на висината на трошоците од точките 1, 2 и 3 од оваа глава и тоа:

1. **Трошоци за заедничка комунална потрошувачка**

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од основицата и е дадена во следниот табеларен преглед:

КОМПЛЕКСИ		Основни **комуналии** + **пречистителна станица (1%)**	**Погодност - бонитет на локалитетот (комплекс)**	
			станбен простор	**деловен или друг простор**
1		2	3	4
1.	ДЕЛ -1	22%	4%	10%
2.	ДЕЛ -2	20%	2%	8%

3.	ДЕЛ -3	18%	1,5%	4%
4.	ДЕЛ -4	16%	1%	2%

2. Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка

а) Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од утврдената основица и тоа за:

- Водоводна мрежа----------1,5о%
- Фекална канализациона мрежа----------1,5о%

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за топлификациона мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 3,2о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ниско-напонска електрична мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 2,3о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

3. **Трошоци за поранешно расчистување**

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што инвеститорот (сопственикот) е должен да ги надомести за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од општината опфаќаат:

- надомест за одземено земјиште и за експроприрана недвижност, што е исплатен;
- трошоци за селидба, уривање на експроприраните, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;
- дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.

Во трошоци за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековното одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

Дополнителни одредби за определување на висината на надоместокот

За расчистувањето на градежни парцели за изградба на објекти од основна и секундарна комунална инфраструктура за заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на тие објектите и за уредувањето на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок на ниво на Град Скопје и општините во градот Скопје, врз основица изразена во денари/м^2 нето изградена површина, и согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Службен весник на РМ” бр.193/16 и 72/18), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (“Службен весник на РМ” бр. 60/12 ,29/15, 32/16, 114/16 и 211/20),Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на Република северна Македонија број 225/20 и 219/21).

За секој вид на простор што не е опфатен со одредбите на Правилниците од претходната алинеа, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со Правилниците;

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре;

При пренамена од станбен во деловен простор еднократно се доплаќа разлика до висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловен простор. Разликата се утврдува според табелата за погодност-бонитет на локалитетот (комплексот).

За пренамена од деловен во станбен простор не се враќа разликата во платениот надоместок.

Доколку инвеститорот нема одобрение за градење, а изградил објект и има доказ за платен надоместок (договор и проект со урбанистичка согласност) површината се признава. Доколку објектот не е отпочнат со

градба или не е изграден, а на одобрението за градење е изминатa важноста, површината не се признава.

Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП веќе постојат објекти, кои со ДУП се негираат, инвеститорот е должен да ги урне, во рок од две години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.

Инвеститорот е должен да достави до Градот Скопје одобрение за градење во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот. Доколку инвеститорот не прибави одобрение за градење во претходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на инвеститорот може да му се врати како паричен износ во номинална вредност, или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.

За локалитет за кој не е донесен ДУП, а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, се наплатува надоместок согласно намената според ГУП, по добиена согласност од општината за техничката документација (урбанистички проект) и намената планирана со ГУП.

Ако инвеститорот изгради поголема површина од договорената, должен е за разликата во површина која е во согласност со постојниот ДУП, да склучи договор.

Кога градежното земјиште делумно се уредува или воопшто не се уредува, инвеститорот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок од индивидуална комунална потрошувачка. Во овие случаи, задолжително се плаќа надоместокот за уредување на градежно земјиште што се однесува на заедничка комунална потрошувачка

Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот, за новоизградениот објект.

За расчистување на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка што ја користел објектот-предмет на уривање.

За расчистување на објекти кои се урнати или се уриваат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на сопственикот, сопственикот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела.

VII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградбата на инфраструктурата се финансира од средства што се остваруваат преку:

- приходите од надоместок за уредување на градежно земјиште (кои се распределуваат во сооднос 60% за Градот Скопје и 40% за општините во градот Скопје),
- капитални дотации,
- надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти,
- средства на јавни претпријатија и овластени субјекти,
- самопридонеси согласно закон,
- други стредства,

кои се уплатуваат на сметка на Општина Карпош за уредување на градежното земјиште и се употребуваат само за таа намена.

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште ги плаќа 100% Градот Скопје за основната инфраструктура (магистрални и собирни улици и други основни инфраструктурни објекти) и 100% општината за секундарната инфраструктура (станбени и сервисни улици и други секундарни инфраструктурни објекти), со едно приклучно место за секој објект од инфраструктура за една градежна парцела.

- Кога градежното земјиште е уредено со изградена секундарна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП или земјиштето не е уредено, а има донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку инвеститорот инсистира сам да ја гради инфраструктурната мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и општината да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во глава ВИ, точка 1, 2 и 3; да овозможи приклучувања на инфраструктурните мрежи на идните инвеститори на земјиштето; да биде технички примена од соодветното комунално

претпријатие или овластени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје или општината без надомест.

- Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што инвеститорот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и општината, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови, истите се вклопуваат.
- За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластените субјекти. При тоа се признаваат само трошоците-делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.
- Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и општината, со што се овозможува приклучување на нови инвеститори кои надоместокот го плаќаат на Градот и општината.
- Во изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и општината договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската.
- Градот и општината со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги стопанисуваат и одржуваат.
- За приклучување на новоизградена инфраструктура, мора во целост да се плати надоместокот за индивидуална потрошувачка, доколку сопственикот/инвеститорот на објектот не го регулирал овој надоместок со претходни договори..
- Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа се регулираат договорно помеѓу Ј.П.”Водовод и канализација” и инвеститорот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела на инвеститорот до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежа наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П.”Водовод и канализација”.

Инвеститорот може да избере изведувач на работите, но со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна

на Ј.П.”Водовод и канализација”, како и по претходно добиено одобрение за прекопување на јавна површина.

- Инвеститорот е должен пред барањето, за испорака на вода, електрична енергија и топловодно греење, да овозможи Комисија од Градот и општината да ја утврди дефинитивно изградената површина. За дефинитивно утврдената површина правата и обврските се уредуваат со анекс-договор.

VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Градот целосно финансира изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти од значење за Градот, утврдена со Генералниот урбанистички план на Град Скопје и Одлуката за магистрални и собирни улици (согласно член 10 од Законот за Град Скопје “Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11”), а изработката на другите проекти за изградба на инфраструктурни објекти од значење за општината (согласно член 15 од Законот за Град Скопје “Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11”), согласно договорите за регулирање на надоместокот склучени со инвеститорите.

IX. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

Надоместокот се наплатува по комплекси на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на инвеститорот, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка.

Комплексите се утврдени со следните граници:

КОМПЛЕКС-1

ДЕЛ-1 (Општина Карпош)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: З 01, З 02, З 03, З 04, З 05, З 06, З 07, З 08, З 09, ЦС 15, Ј 01, Ј 02, Ј 03 и Ј 04, каде завршува описот на комплекс-1 за Општина Карпош.

КОМПЛЕКС-2

ДЕЛ-2- (Општина Карпош)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: СЗ 17, СЗ 19, СЗ 26, ССЗ 01, ССЗ 02 и дел ССИ 03 (по административните граници со Општина Бутел и Општина Чаир), каде завршува описот на комплекс-2 за Општина Карпош.

Границите на комплексите одат по дефинираните градски четврти како и административните граници на општините во ГУП со кои се одредува комплексот.

X. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од создадените правни претпоставки и технички услови, како и од приливот на средствата наменети за финансирање на оваа програма.

XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во”Службен гласник на Општина Карпош”.

Број: 09-9396/10
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2023 година

1. Се објавува Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2023 година, донесена на осумнаесета седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/5
Датум:29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 5, член 6, став 1 и член 55, став 1, точка 5 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“бр.84/08; 52/09; 114/09; 124/10; 23/11; 53/11; 44/12; 168/12; 163/13; 187/13; 39/14; 42/14; 166/14; 44/15; 116/15; 150/15; 31/16; 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2023 година

Член 1
Со оваа програма се планираат работи и утврдуваат финансиски средства за изградба, редовно и инвестиционо оддржување и зимско оддржување на сервисните, станбените улици и локалните патишта на подрачјето на Општината Карпош, одобрени од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија на Општина Карпош за 2023 година, нивната распределба во проценти и износи во денари, како и предвидените активности за реализација на истата.

Член 2
Одобрените финансиски средства од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија во вкупен износ од 5.238.000,00 денари, Општина Карпош ќе ги распореди на следниот начин:

А.За изградба на сервисни, станбени улици и локални патишта се предвидуваат средства во висина од 50% од вкупно одобрените средства, кои изнесуваат 2.619.000,00 денари

Б.За редовно и инвестиционо оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта се предвидуваат средства во висина од 30% од вкупноодобрените средства кои изнесуваат 1.571.000,00 денари,

В.За зимско оддржување се предвидуваат средства од висина од 20% од вкупно одобрените средства кои изнесуваат 1.048.000,00 денари.

Член 3

Со оваа програма се предвидува извршување на следните активности

-Изградба на нови улици и локални патишта;

-Реконструкција на постоечките улици и локалните патишта, зајакнување, обновување и осовременување на коловозната конструкција;

-Одржување на улиците и локалните патишта во зимски услови и

-Надзор на извршените работи.

Член 4

Активностите за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисните, станбените улици и локалните патишта на подрачјето на Општина Карпош ќе бидат утврдени од страна на Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи на Општината Карпош.

Член 5

Динамиката на извршување на предвидените работи ќе се реализира во зависност од приливот на средствата од Јавното претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија, наведени во член 2 од оваа програма.

Член 6

Градоначалникот на Општина Карпош ќе обезбеди извршување на оваа програма.

Член 7

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

Број: 09-9396/11
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2023 година

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2023 година, донесена на осумнаесета седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/6
Датум:29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2023 година

I. Развојни приоритети и цели

1. Доближување на културата до сите граѓани.
2. Потикнување на современото општество и нејзино доближување до светските трендови.
3. Заштита, чување и креирање на културното наследство.
4. Враќање на дигнитетот на творецот и творештвото.
5. Воведување на најмладите во креативните процеси.
6. Создавање услови за развој на културата како фактор за економски и социјален развој.

II. Проектниактивности

	1. Карпошово културно лето 2023
Опис на активности:	Културно и забавно анимирање на граѓаните од Општина Карпош во текот на летните месеци
Стратешки насоки и цели:	Програмата на културно лето треба да го изрази културниот и уметничкиот потенцијал на општината
Очекувани резултати:	Во програмата ќе бидат застапени познати културни работници од Македонија и пошироко
Целна група:	Жителите на Општина Карпош
Предвидена финансиска	2.000.000,00 денари

рамка:	
Организатор	Општина Карпош, а исто така може да бидат физички или правни лица кои ќе се изберат по пат на јавен повик за организирање на Карпошово културно лето 2023
Трошоци	Целокупна организација на настанот: Надомест за учесниците, техничка организација, реклама.
Овластување	Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за организација и реализација на Карпошово културно лето 2023. Овластувањето подразбира: - Донесување Одлука за јавен оглас, - Објава на јавен оглас, - Формирање на комисија, - Одлука за избор, - Записник, - Одлука за реализација - Решенија за исплата и - Извештај. Донесување и други акти во врска со предметната постапка.

	2. Уметничко творештво – Конкурс за поддршка на проекти од областа на културата
Опис на активности:	Уметничко творештво – Конкурс за поддршка на проекти од областа на културата. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија. Оваа финансиска поддршка ќе се доделува еднаш годишно и ќе ја определува комисија составена од пет члена (два члена од општинската администрација и три члена од советниците во советот на општината).
Стратешки насоки и	- Поттикнување и стимулирање на творештвото на

цели:	граѓаните на општина Карпош од областа на културата и уметноста (издавачка, драмска, музичка, филмска, ликовна дејност) - Создавање на уметничко дело кое ќе биде достапно за поширок круг на публика - Културна понуда за граѓаните на општина Карпош - Особено внимание ќе се посвети на проектите кои го поттикнуваат творештвото на младите уметници и проекти од уметноста и културата кои за цел ќе имаат задоволување на културните потреби на лицата со посебни потреби
Очекувани резултати:	Поддршка на најмалку 25 проекти
Целна група: **Општи критериуми:**	- Млади уметници (до 27 годишна возраст) - Уметници - Уметници аматери - Жител на општина Карпош - CV на апликантот/ CV на апликантите кои учествуваат во проектот за групните проекти - Опис на проектот - Да се наведе од која дејност е истиот - Очекувани ефекти од проектот - Финансиска рамка - Доколку проектот е поддржан и од друг извор на финансирање, да се наведе кој и со колку финансиски средства

Апликација за проектот:	
Предвидена финансиска рамка:	1.500.000,00 денари Согласно целната група, секој поединечен проект од културата може да добие финансиска поддршка од: - За Млади уметници (до 27 годишна возраст) до 30.000,00 денари - Уметници, до 30.000,00 денари - Уметници аматери, до 5.000,00 денари - Групни проекти, до 45.000,00 денари
Организатор	Општина Карпош

Овластување	Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази. Овластувањето подразбира: - Донесување Одлука за јавен оглас, - Објава на јавен оглас, - Формирање на комисија, - Записник, - Извештај, - Одлука за избор на одобрените проекти, - Решенија за исплата и -Донесување и други акти во врска со предметната постапка

	3. Фолклорна вечер за денови на Општина Карпош
Опис на активности:	Одбележување на јубилеј 47 години од постоење на

	Општина Карпош
Стратешки насоки и цели:	Промоција на македонскиот играорен фолклор
Очекувани резултати:	Промовирање на фолклорот
Целна група:	Играорни друштва од Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	200.000,00 денари
Организатор	Општина Карпош
Трошоци	Организација на фолклорен концерт, изнајмување простор, разглас со озвучување, хонорар за друштвата учесници (до 20.000,00 денари), освежителни напитоци за учесниците

	4. Поддршка на програмата на МКУД „Цветан Димов”
Опис на активности:	Детски фолклорен фестивал „Од цвет на цвет со оро и песна”
Стратешки насоки и цели:	Традиционално оджување на меѓународниот детски фолклорен фестивал
Очекувани резултати:	Негување на активностите на националните верски и културни традиции
Целна група:	Детски фолкорни ансамбли од Скопје
Предвидена финансиска рамка:	100.000,00денари
Организатор	МКУД „Цветан Димов”

	5. Поддршка на програмата КУД „ЕТНОС”
Опис на активности:	Развивање и негување на фолклорните традиции кај децата
Стратешки насокии цели:	Запознавање на децата со фолклорните традициии, обичаи, ората и песните
Очекувани резултати:	Да им станат блиски песните од нашиот народ како и запознавање на традициите на другите народи
Целна група:	Ученици од основноте училишта
Предвидена финансиска рамка:	100.000,00денари
Организатор	КУД „ЕТНОС”
Трошоци	Организациони трошоци

	6. Поддршка на програмата АКУД „Мирче Ацев”
Опис на активности:	Развивање и негување на фолклорните традиции кај децата
Стратешки насокии цели:	Запознавање на децата со фолклорните традициии, обичаи, ората и песните
Очекувани резултати:	Да им станат блиски песните од нашиот народ како и запознавање на традициите на другите народи
Целна група:	Ученици од основните училишта
Предвидена финансиска рамка:	100.000,00денари
Организатор	АКУД „Мирче Ацев”
Трошоци	Организациони трошоци

Вкупна предвидена финансиска рамка: 4.000.000,00 денари

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 4.000.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

IV. Завршни одредби

Секторот/Одделението Дејности од јавен интерес - Одделение за култура и спорт со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-9396/12
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2023 година

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2023 година, донесена на осумнаесета седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/7
Датум:29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2023 година

I. Развојни приоритети и цели

- Пропаѓирање и промовирање на спортско рекреативниот, врвниот, забавниот и училишниот спорт.
- Организирање на спортски активности предвидени со програмата за спорт и унапредување и развивање на спортот на локално ниво.
-Зголемување на навиката за спортски живот и подобрување на спортско натпреварувачкиот дух и потикнување на фер игра.
- Се она што е од заеднички интерес во сегментот на рекреативниот забавен спорт, да го обедини, координира и по можност да го усоврши односно да го постави на повисоко ниво.
- Сите граѓани од општината своето слободно време да го користат за реализирање на спортските активности, при што ќе ги развиваат позитивните вредности на спортот кои подоцна ќе ги негуваат како животни вредности.

II. Проектни активности

	1. Училишни спортски игри Карпош 2023
Опис на активности:	- Учениците од општинските основни училишта од Општина Карпош ќе се натпреваруваат во спортските дисциплини: мал фудбал, кошарка, одбојка (девојчиња), шах, тенис, ракомет, пинг понг, атлетски крос, фудбал, одбојка на песок и други спортски активности, кои ќе ги организира Одделението за култура и спорт на Општина Карпош. Исто така се планираат и спортски натпревари по повод денови на Општина Карпош помеѓу училиштата, општините во градот Скопје и другите општини од Република Македонија, како и меѓународни натпревари со општини од градови на други држави. - Проектот ќе го реализираат вработени во одделението за Култура и Спорт, професори по физичко и здравствено образование, суди од соодветните спортови, медицински лица и полиција.
Стратешки насоки и цели:	- Јакнење на менталното и физичкото здравје, - Подобрување на локомоторниот апарат - Зголемување на знаењата, умеењата, способностите и вештините кај учениците спортисти - Докажување на сопствениот талент.
Очекувани резултати:	- Натпреварувачка атмосфера, - Социјализација (дружење и забава), - Спортско однесување на учениците - навивачи за фер навивање на спортските терени. - Зголемување и подобрување на моторните

	способности и индивидуалните те-та дејствија
Целна група:	Ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош.
Предвидена финансиска рамка:	2.000.000,00 денари
Организатор	Општина Карпош
Трошоци	- Свечено отварање и затварање на игрите (балони, конфети, огномет, коктел и друго), -Хонорари за спортски судии и делегати (500,00 денари по одигран натпревар на секој спортски судија и делегат поединечно во лигите фудбал, кошарка, ракомет и одбојка - девојчиња, како и за куп натпреварите и натпреварите во одбојка и фудбал на песок) и по повод денови на Општина Карпош, - Наставници (500,00 денари за секој натпревар што ќе го водат својот училишен тим), за било кој спортски настан организиран од страна на Одделението за култура и спорт при Општина Карпош. - Пехари, медали, статуетки, признанија и - Спортска опрема (дресови, спортски гаќички) за ученици – натпреварувачи и професори, - Изнајмување на спортски терени (сала), - Разглас (озвучување), - Медицинско лице или итна медицинска помош. - Награди за професорите (1 место 8.000,00 денари, 2 место 6.000,00 денари и 3 место

	5.000,00 денари), -Награда за најдобро прогласени поединци ученици спортисти во училишните лиги во организација на Општина Карпош (5.000,00 денари), - Наградна домашна или меѓународна повеќедневна спортска екскурзија за првопласираните училишни тимови и најдобро прогласените спортисти поединци во спортските лиги (фудбал, кошарка, ракомет и одбојка девојчиња) заедно со професорите - тренери, и вработени во Општина Карпош (превоз и хотелско сместување со полн пансион)

	2. Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение
Опис на активности:	Ќе ги опфати талентираните спортисти жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, кои со својот квалитет придонесуваат за промоција на општината и државата како на домашен така и на меѓународен план. Огласот ќе ги опфати сите спортисти жители на Општина Карпош кои ќе постигнат егзактни (индивидуални) резултати односно кои ќе ѓи исполнат условите и критериумите од огласот. Стипендијата се доделува во две категории, и тоа: -Прва категорија 3.000,00 денари и -Втора категорија 2.500,00 денари. Ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (образование и спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува една стипендија по негов избор, врз основа на доставена изјава за

	која стипендија се одлучил. Постапката по оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми.
Услови, критериуми и потребни документи	Услови: Да се жители на општината Карпош (адреса на живеење), потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик во VIII или IX одделение во учебната 2023/24 година. Критериуми: Спортистот потребно е да има постигнување на индивидуални спортски резултати, потврдени од матичните национални спортски федерации и да се во согласност со календарот на натпревари на националните федерации за периодот од 01.09.2022 година до 31.08.2023 година: - државно првенство, освоено индивидуално I место (3 бода); - државно првенство, освоено индивидуално II место (0,5 бода); - награда за индивидуални постигнување државен рекорд, прогласен за најдобар играч, стрелец, талент и слично) (3 бода) и - репрезентативец на Македонија, да има учество на еден натпревар и да се наведе кога, каде и со кој противник бил натпреварот (да се достави копија од записник, билтен или друг доказ од натпреварот), (3 бода). Останати успеси и резултати кои не се во согласност и организација со календарот на натпревари од национални спортски федерации,

	нема да се земат предвид. Потребни документи: - Биографија на спортистот, - Потврда од клуб дека е нивен член (фотокопија од легитимација) - Важечки документ (потврда) издадена од националната федерација за спортските успеси и резултати во периодот од 01.09.2022 година до 31.08.2023 година.
Стратешки насоки и цели:	Афирмација и стимулирање за постигнување на подобри резултати на активни, млади и талентирани спортисти жители на Општина Карпош.
Очекувани резултати:	Постигнување на подобри резултати на млади и талентирани спортисти жители на Општина Карпош
Целна група:	Талентирани спортисти од VIII и IX одделение, жители на Општина Карпош.
Предвидена финансиска рамка:	700.000,00 денари
Организатор	Општина Карпош
Овластување	Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение Овластувањето подразбира: - Донесување Одлука за јавен оглас, - Објава на јавен оглас, - Формирање на комисија, - Записник,

	- Извештај, - Одлука за избор на одобрените спортски стипендии, - Решенија за исплата и -Донесување и други акти во врска со предметната постапка

	3. Спортско рекреативни игри на пензионерите
Опис на активности:	Натпреварување на пензионерите од Општина Карпош во: шах, пикадо (во машка и женска конкуренција), влечење јаже (во машка и женска конкуренција), Трчање 60м (жени) и 80м (мажи), фрлање ѓуле (поединечно мажи и жени) и скок во далечина (мажи), шут на гол од дистанца. Проектот ќе го реализират вработени во одделението за култура и спорт, професори по физичко и здравствено образование, медицински лица и полиција.
Стратешки насоки и цели:	Спортско рекреативно дружење на двете пензионерски друштва Тафталице и Карпош
Очекувани резултати:	Рекреација, натпреварувачка атмосфера, дружење и забава.
Целна група:	Пензионери од Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	100.000,00 денари
Организатор	Општина Карпош
Трошоци	-Пехари, статуетки, -Изнајмување на постолје за 1, 2, и 3 место, големи чадори - куполи, маси, столчиња, -Разглас,

	- Изнајмување простор (фудбалски терен или сала) за одржување на предвидените спортски активности, -Медицински лица, -Свечен ручек.

	4. Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација
Опис на активности:	Доделување на финансиска поддршка за сите спортисти жители на Општина Карпош, кои се занимаваат со спортско рекреативна активност. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе биде наменета за спортска опрема, припреми, учество на домашни и меѓународни настани, организирање на разни спортско рекреативни активности, турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортско рекреативни програми кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари. Висината на доделената финансиска подршка ќе зависи од досегашните постигнати резултати на спортистот, како и понудениот спортскиот проект. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна финансиска поддршка. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш годишно и ќе ја определува комисија составена од пет члена (три члена од советот на општина Карпош и два члена од администрацијата на општината).
Стратешки насоки и цели:	Поддршка, афирмација и стимулирање за постигнување на подобри спортски резултати на активни спортисти и рекреативци од Општина Карпош.
Очекувани резултати:	Промовирање и потпомагање на спортисти и спортски настани од Општина Карпош.
Целна група:	Сите спортисти и рекреативци кои се занимават со спортско рекреативна активност на

	подрачјето на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	700.000,00 денари
Организатор	Општина Карпош

	5. Меморијален турнир во мал фудбал Оливер Соколов Сокол
Опис на активности:	Мал фудбал
Стратешки насокии цели:	Сеќавање на нашиот другар и сосед Сокол
Очекувани резултати:	Малска дружба користејќи го спортот како алатка за зајакнување на врската помеѓу различни генерации
Целна група:	Футсал фудбалски екипи
Предвидена финансиска рамка:	300.000,00 денари
Организатор	Здружение на граѓани за подготовка и организирање на меморијален турнир во мал фудбал Оливер Соколов Сокол
Трошоци	Награди за прво, второ, трето и четврто место, најдобар играч, најдобар голман, пехари, обезбедување, лица вклучени во организација, судии, освежителни пијалоци, одржување на терен, медицинско лице, пропаганден материјал

	6. Учество на Синдикална организација при Локалната самоуправа Карпош на спортски игри и средби на членовите на Синдикатот на УПОЗ (СИС-УПОЗ)
Опис на активности:	Спортски активности и учество на спортски игри и средби
Стратешки насоки и цели:	Рекреација, дружење, меѓусебно запознавање и зближување на членовите преку спортско натпреварување.
Очекувани резултати:	Презентирање и афирмирање на Општина Карпош на спортски игри и средби на членовите на Синдикатот на УПОЗ (СИС-УПОЗ)
Целна група:	Синдикална организација при локалната самоуправа Карпош
Предвидена финансиска рамка:	350.000,00 денари
Организатор	Синдикална организација при Локалната самоуправа Карпош и Одделение за Култура и Спорт, УПОЗ (СИС-УПОЗ)
Трошоци	Хотелско сместување Превоз Спортска опрема Партиципација за учество

	7. Семејни спортски игри
Опис на активности:	Забавни рекреативни игри, помеѓу членовита на семејствата
Стратешки насокии цели:	Социјализација, зближување и подигнување на спортската рекреација и семејните вредности
Очекувани резултати:	Малска дружба користејќи го спортот како алатка за зајакнување на врската помеѓу различни генерации

Целна група:	Семејства од Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	500.000,00 денари
Организатор	Вангел Симев
Трошоци	Награди за прво, второ и трето место, лица вклучени во организација, судии, освежителни пијалоци, маици, спортски терен, медицинско лице, пропаганден материјал, озвучување и ди џеј.

	8. Учиме да пливаме во Карпош
Опис на активности:	Обука на учениците по пливање на непливачи и пливачи
Стратешки насокии цели:	Да се наметне дополнителн популаризација на децата во предучилишна и училишна возраст да се занимаваат со спорт односно пливањето
Очекувани резултати:	Зголемување и подобрување на антропометриски и психофизички развој кај учениците преку пливањето
Целна група:	Ученици од предучилишна и училишна возраст
Предвидена финансиска рамка:	300.000,00 денари
Организатор:	Пливачки клуб Делфини спорт
Трошоци:	Финансиската подршка ќе се искористи за изнајмување на пливачки стази, хонорари за тренери, со што заинтересираните децата ќе добијат големи финансиски олеснувања. Исто така ќе се обезбедат пливачки реквизити, освежителни пијалоци, пропаганден материјал.

	9.Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош
Опис на активности:	Ќе ги опфати сите активни спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, кој со својот квалитет допринесуваат за промоција на Општината и државата како на домашен, така и на меѓународен план. Во зависност од постигнатите спортски резултати на клубот, ќе биде одредена и висината на финансиските средства. Постапката по оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми. Оваа финансиска поддршка ќе ја определува комисија составена од пет члена (три члена од советот на општина Карпош и два члена од администрацијата на општината).
Стратешки насокии цели:	Афирмација и потпомагање на спортски клубови од Општина Карпош.
Очекувани резултати:	Развивање, подобрување и зголемување на клупските успеси.
Целна група:	Спортски клубови од Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	1.000.000,00 денари
Организатор:	Општина Карпош
Овластување	Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош. Овластувањето подразбира: - Донесување Одлука за јавен оглас, - Објава на јавен оглас, - Формирање на комисија, - Записник, - Извештај, - Одлука за избор,

	- Решенија за исплата и -Донесување и други акти во врска со предметната постапка
Услови, критериуми и потребни документи	Право на пријавување: Право на пријавување имаат сите заинтересирани спортски клубови регистрирани со седиште на подрачјето на општина Карпош, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на спортот. Спортските клубови се должни во барањето да ги наведат причините и намената за кои ги барат средствата. Потребни документи и услови за учество: Да поседуваат Потврда од матичните национални федерации дека клубот е нивен член и активно учество во системот на натпревари во тековната 2023 година; Да имаат изработено годишна програма за работа на клубот; Да имаат регистрирана, организирана и активна младинска спортска школа и нејзино активно учество во натпреварувањето организирано од матичните национални спортски федерации; Решение за регистрација на спортскиот клуб (Решение од Централен регистар не постар од 3 месеци). **Критериуми** 1. Организациона поставеност на спортскиот клуб; 2. Ранг на натпреварување и организирано пионерско младинска школа и сениорски тим 3. Успеси на клубот во последните 2 (две) години.

	10. Шаховски Божиќен турнир
Опис на активности:	Натпреварување во шах
Стратешки насоки и цели:	Промовирање на шахот на локално ниво и привлекување на поголем број на вљубеници во оваа мисловна игра.
Очекувани резултати:	Стекнување на потребното шаховско искуство на младите шахисти и поттикнување на нивниот развој кон достигнување на поголемо шаховско знаење и вештини за освојување на мешународни титули.
Целна група:	Љубители и ентузијасти на шахот од подрачјето на Општина Карпош кои на овој турнир земаат учество околу сто шахисти од нашата општина.
Предвидена финансиска рамка:	150.000,00 денари
Организатор	ШК Гамбит Асеко СЕЕ
Трошоци	-Изнајмување простор за натпреварите - Судии -Награден фонд -Озвучување

	11.Фудбалски клуб Лепенец
Опис на активности:	Подобрување на инфрастуктурата на фудбалското игралиште на ФК Лепенец (дооформување на соблекувални, водоводна мрежа, оградата околу игралиштето.
Стратешки насоки и цели:	Подобрување на фудбалската инфраструктура
Очекувани резултати:	Право на настап во националното првенство и

	зголемен интерес на младите од Бардовци за тренирање фудбал
Целна група:	Млади талентирани фудбалери од Бардовци и околината
Предвидена финансиска рамка:	300.000,00 денари
Организатор	Фудбалски клуб Лепенец
Трошоци	Потребен градежен материјал за подобрување на условите за тренинг и натпревар

	12. Поттикнување физичка активност, вежбање на отворен простор за пензионери
Опис на активности:	Активноста предвидува формирање на 2 групи на 2 различни локации воОпштината - може тоа да биде парк, кеј на р. Вардар или др локации кои би биле попристапни за поголема група пензионери., каде инструкторите ќе покажуваат најосновни вежби прилагодени за возраста на учесниците, вежби за раздвижување, циркулација истегнување и сл. Треба да се ангажираат двајца инструктори за секоја група по 1, за период од 1 еднаш или 2 пати неделно во тек на 2 месеци. Бидејќи е на отворено бројот на лица кои ќе се вклучат нееогрничен, по истекот на овие 2 месеци активноста можат да ја преземат лица – пензионери од самите групи, кои биле најактивни или најспремни во договор со самите учесници во групата и би ја извршувале оваа активност волонтерски. Доколку има помасовен одзив од самите учесници може да се формираат и др групи на други локации. Инструкторите може, но не мора да бидат спортски работници од Карпош. Може дабиде и без финансиски импликации доколку волонтерски се ангажираат спортски работници кои веќе примаат одредена надокнада од општината, или на овој начин да им се помогне на други такви лица
Стратешки насоки и цели:	Потикнување на повеќе пензионери /повозрасни лица на физичка активност и дружење
Очекувани резултати:	Здрави и активни пензионери/повозрасни лица Популизирање на вежбање на отворено,

Целна група:	Сите граѓани кои имаат време и сакаат да вежбаат. Наменета е првенствено за повозрасна група но нема ограничување за сите кои би сакале да се вклучат.
Предвидена финансиска рамка:	50 000 денари
Организатор	Општина Карпош
Трошоци	Стручните лица (двајца) кои ќе бидат ангажирани за реализација на овој настан ќе им биде исплатено по 12.500,00 денари месечно. Доколку останат средства, маици, знамиња или некој сличен матријал кој би ја идентификувал групата која вежба пр. Активни пензионери на Карпош или некој др сличен назив, со кој би се идентификувале групите и дека активноста дека е овозможена од Општина Карпош.

Вкупна предвидена финансиска рамка: 6.450.000,00 денари

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 6.450.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2023 година, ќе бидат

предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

IV. Завршни одредби

Секторот/Одделението Дејности од јавен интерес - Одделение за култура и спорт со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-9396/13
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2023 година

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2023 година, донесена на осумнаесета седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/8
Датум:29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и 9; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2023 година

I. Развојни приоритети и цели

Програмата дефинира повеќе приоритети од областа на детската, социјалната и здравствената заштита, кои треба да придонесат за унапредување на социоекономската и здравствената заштита на граѓаните на Општина Карпош и тоа:

- Детска заштита – вклучување на сите деца во ЈУОДГ, унапредување на воспитно згрижувачката дејност и други активности.

-Парична помош за новороденчиња, лица/семејства во социјален ризик, за потешко лекување и елементарни непогоди

-Хуманитарни акции наменети за граѓаните во социјален ризик

- Подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните и вклучување на маргинализирани групи

II ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

1.	**Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“**
Опис на активности:	Преку воспитно образовните програми кои што се реализираат за предучилишно воспитување и образование е планирано вклучување на децата од ромската популација. Во групите кај што престојуваат децата особено внимание се посветува на едукативно-социјалните активности.
Стратешки насоки и цели:	Поради непостоење на предучлишна установа во населбата Злокуќани, децата од оваа населба се згрижуваат во ЈУОДГ „Пролет “ во населбата Влае 1. Во соработка со Министреството за труд и социјална политика „Општина Карпош“, веќе 18 години е партнер и успешно го спроведува овој проект. Целта на проектот е: -зголемување на бројот на деца Роми во детските градинки -надминување на предрасудите и стереотипите во детските градинки -подобрување на социјалните вештини и знаење на македонскиот јазик на децата Роми -поддршка и овозможување на раниот детски развој

Очекувани резултати:	✓ Интегрирање во социјалниот живот ✓ Подготовка за вклучување во воспитно-образовен процес ✓ Намалување на девијантните појави
Целна група:	Деца од предучилишна возраст од ромската популација од населбата Злокуќани
Предвидена финансиска рамка: **Реализатор:**	**300.000,оо денари** Општина Карпош
Трошоци:	- Превоз и престој за 20 деца од населбата Злокуќани до градинката „ Пролет “ во населбата Влае.

2.	**Обновување и унапредување на дидактичките материјали во Јавните установи општински детски градинки**
Опис на активности:	-Обновување на еколошки дидактички материјали за децата од предучилишните установи.
Стратешки насоки и цели:	✓ Повлекување од употреба на стари и не фунционални играчки за децата. ✓ Континуирано обновување на еколошки дидактички материјал поприфатлив за работа на децата од предучилишна возраст и лесен за одржување.
Очекувани резултати:	✓ Поквалитетна воспитно-образовна работа. ✓ Подобрување на психо-физички развој на децата.

	✓ Стекнување работни навики и чувство за развивање на одговорно однесување. ✓ Поголема социјализација меѓу децата, правила во однесувањето и меѓусебно почитување.
Целна група:	Деца од предучилишна возраст.
Реализатор:	Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**150.000,оо ден.**
Трошоци:	Набавка на еколошки дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи - 150.000,оо ден.
Овластување:	Градоначалникот ќе ја спроведе постапката во сите фази

3.	**ЧЛЕНСТВО на Општина Карпош во Европската агенција за хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG) - Франкфурт, Германија**
Опис на активности:	Општина Карпош е член на EHEDG (Европското тело за хигиенски инженеринг и дизајн) Веќе десет години е и членка на GHI (Global Harmonization Initiative). Како член на овие две Организација има привилегии да учествува на конференции, конгреси и манифестации од научен карактер од областа на безбедност на храната, нутриционизмот и здравјето по повластени цени.
Стратешки насоки и цели:	Одржување семинари и обуки наменети за овластеното лице за контрола и безбедност на храна со цел унапредување на здравството.

	Објавување на публикации и научни и стручни трудови. Контакти со домашни и странски фирми со цел заедничка соработка.
Очекувани резултати:	✓ Унапредување на работата на ОУ и ЈУОДГ од здравствен аспект. ✓ Промовирање на Општината во светски научни рамки.
Целна група:	Децата и граѓаните на Општина Карпош
Годишна чланарина: **Реализатор :**	**30.500,оо денари** EHEDG (Европско тело за хигиенски инженеринг и дизајн - седиште во Франкфурт
Трошоци:	- Годишна чланарина **- 30.500,оо ден.**

ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧИЊА, ЛИЦА/СЕМЕЈСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК, ЗА ПОТЕШКО ЛЕКУВАЊЕ И ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

4	**Парична помош за лица/семејства во социјален ризик ,лекување и елементарна непогода**
Опис на активности:	Еднократен паричен надомест кој се доделува еднаш во годината за: -Лица/семејства во состојба на социјален ризик - Лекување -Елементарна непогода (поплава , пожар, земјотрес) За остварување на правото на паричен надомест

	потребно е да се достави соодветна документација како доказ за наведеното барање и се прави увид во домот на барателот . Покрај паричната помош на граѓаните им се пружаат и други видови на поддршка и тоа: - психо-социјална помош - упатување во соодветна институција и решавање на нивните проблеми
Стратешки насоки и цели:	✓ Поддршка за лица/семејства кои во моментот се нашле во состојба на социјален ризик, ✓ Психо-социјална поддршка ✓ Поддршка за лекување ✓ Парична помош
Очекувани резултати:	Намалување на бројот на лица/семејства кои се во социјален ризик преку поддршка при решавање на нивните проблеми.
Целна група:	Лица/семејства во социјален ризик
Предвидена финансиска рамка: **Реализатор:**	**4.500.000,оо ден.** Општина Карпош
Трошоци:	Парична помош за лица/семејства: -кои се нашле во состојба на социјален ризик (корисници на социјална помош, постојана парична помош, невработени лица) -за лекување -за елементарна непогода (поплава, пожар, земјотрес)

5.	**Парична помош за секое новородено-посвоено дете на територијата на Општина Карпош**
Опис на активности:	Информирање на граѓаните од Општина Карпош, за условите за користење на правото за парична помош за секое новородено и посвоено дете на територија на општината. За остварување на право на еднократна парична помош, потребно е да се исполнат следните критериумите : -Еднократна парична помош да се доделува на секое новородено и посвоено дете, чии што родители се жители на Општина Карпош (што се утврдува со документ за лична идинтификација) -На денот на поднесување на Барањето , новородончето да не е постаро од 90 дена -Вкупните приходи на родителите да не бидат повисоки од 37.000.оо ден. Или ако едниот родител е невработен , да достави потврда од агенцијата за вработување на РМ , или друг документ со кој ќе се потврди дека е невработен.
Стратешки насоки и цели:	Финансиска поддршка за семејствата. Информирање и упатување на семејствата за остварување на нивните права и од други соодветни институции во државата.
Очекувани резултати:	Поддршка на семејства
Целна група:	Лица/семејства кои ги исполнуваат утврдените

	критериуми
Предвидена финансиска рамка: **Реализатор:**	**250.000,оо ден.** Општина Карпош
Трошоци:	Еднократна парична помош во износ од 4.000,оо денари за секое новородено/посвоено дете согласно утврдените критериуми.

ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ НАМЕНЕТИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

6.	**Хуманитарна акција - „ Да бидеме хумани за нашите соседи “**
Опис на активности:	Хуманитарната акција „ Да бидеме хумани за нашите соседи“ веќе традиционално се организира од Општина Карпош два пати во годината. Акцијата се организира : - По повод Велигденските празници - По повод Новогодишните празници. Акцијата се реализира преку собирање на прехранбени и хигиенски производи донирани од општинската администрација,децата и родителите од основните училишта и предучилишните установи од Општина Карпош, граѓаните преку донирање во Урбаните заедници и општествено одговорни компании. Акцијата трае 5 работни дена.

	По завршувањето, собраните производи се пакуваат и се доделуваат на лица/семејства во социјален ризик од Општина Карпош.
Стратешки насоки и цели:	✓ Подобрување на социјалната состојба на лицата/семејства во социјален ризик ✓ Грижа за ризичните групи на граѓани
Очекувани резултати:	Подобрување на состојбата на лицата/семејства во социјален ризик. Поддршка на лицата заради надминување на моменталната состојба
Целна група:	Лица/семејства во социјален ризик
Предвидена финансиска рамка: **Реализатор:**	**80.000,оо ден** Општина Карпош
Трошоци:	Вреќи за пакување Трошоците се предвидени за две хуманитарни акции.

ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВЕЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ОПШТИНА КАРПОШ

7.	**Одбележување на 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти , сподели среќа “**
Опис на активности:	Организирање на средба по повод „3 Декември “- денот на лицата со попреченост по дванаесети пат. По иницијатива на Градоначалникот на средбата

	присуствуваат лица со попреченост од Општина Карпош. Преку одржување на трибина се споделуваат искуства, проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост и се предлагаат можности за нивно решавање. По тој повод се доделува еднократна парична помош на лицата со попреченост.
Стратешки насоки и цели:	✓ Намалување на осаменоста лицата со попреченост ✓ Интегрирање во општествениот живот и нивна социјализација. ✓ Активности кои може да ги превземе општината со цел за подобрување на квалитетот на живеење, обезбедување и олеснување на нивното движење преку поставување на пристапни рампи. ✓ Разгледување на можност за нивно вработување.
Очекувани резултати:	✓ Вклучување на лицата со попреченост во социјалниот живот. ✓ Олеснување на животот и социјализација на семејствата кои имаат лица со попреченост. ✓ Ефектите од досегашните активности кои ги превземала општината (давање на психосоцијална поддршка, парична помош и помош во пакети со храна и корегирање и изградба на пристапни рампи пред индивидуалните и колективни стамбени објекти).
Целна група:	Лицата со попреченост:

	- лица со физички хендикеп - лица со оштетен вид(слепи и слабовидни) -лица со оштетен слух(глуви и наглуви) -интелектуално попречени лица -лица со попреченост во говорот -аутистични деца -стари лица со пречки во психички и физички развој што имаат тешкотии во социјалната интеграција -лица со комбинирани пречки во развојот
Предвидена финансиска рамка: **Реализатор:**	**700.000,оо ден.** Општина Карпош
Трошоци:	-доделување на еднократна парична помош на лица со попреченост

8.	**Посета на Геронтолошкиот завод 13-ти Ноември, оддел „Мајка Тереза“ - Злокуќани**
Опис на активности:	Посета на штитениците во старскиот дом со Градоначалникот и општинската администрација Пригодна културно забавна програма организирана од дечиња од една општинска градинка. Пригодни подароци за штитениците.

Стратешки насоки и цели:	Психо-социјална поддршка. Грижа на општината за старите лица
Очекувани резултати:	Намалување на чувството на осаменост
Целна група:	Штитеници на Домот
Предвидена финансиска рамка: **Реализатор:**	**30.000,оо денари** Општина Карпош
Трошоци:	-лични пакети со кондиторски продукти за лицата сместени во домот
9.	**Финансиска поддршка за проекти од областа на детската,социјалната и здравствената заштита**
Опис на активности:	Поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита (унапредување на предучилишниот воспитно-згрижувачки процес, поддршка за стари лица и маргинализираните групи на граѓани од Општина Карпош). Постапката ќе се одвива преку објавување на оглас ,кој ќе биде отворен во текот на целата година или до исцрпување на предвидените финансиски средства. Поднесените проекти ќе ги разгледува и одлучува комисија од тројца советници од Советот и двајца вработени во администрацијата.по оглас ќе ја спроведе комисија за проектни активности.
Стратешки насоки и цели:	- Унапредување на воспитно згрижувачкиот процес во предучилишните установи,

	-Поддршка на стари лица, - Превентивни активности и ресоцијализација за маргинализираните категории на граѓани на Општина Карпош.
Очекувани резултати:	Подобрување на квалитетот на живот на наведените категории на жители на Општина Карпош
Целна група:	Деца и вработени во предучилишни установи, стари лица и маргинализирани групи на граѓани.
Предвидена финансиска рамка: **Реализатор:**	**600 000,оо ден** Општина Карпош
Овластување:	**Градоначалникот ќе ја спроведе постапката во сите фази за поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита**

Вкупна сума	**6 640 500,оо денари**

Вкупна предвидена финансиска рамка: 6 640 500,оо денари

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **6 640 500 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2023 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

IV. Завршни одредби

Одделението за детска, социјална и здравствена заштита со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-9396/14
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година, донесена на осумнаесета седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/9
Датум:29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година

I. Развојни приоритетни и цели

Целта на програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието како и условите за работа.

II. Проектни активности

1.	**Ужинки за учениците од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	Во период јануари-јуни 2023 година, за учебната 2022/2023 и за периодот септември-декември 2023 година за учебната 2023/2024, Општина Карпош ќе субвенционира ужинки за учениците од 1 (прво) до 9 (деветто) одделение од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, во висина од 50% од износот на месечниот надоместок.

Стратешки насоки и цели:	Зајакнување на довербата помеѓу Општина Карпош и родителите на учениците од основните училишта на територија на Општина Карпош.
Очекувани резултати:	Финансиска помош за родителите на учениците
Целна група:	Ученици од 1 (прво) до 9 (деветто) одделение од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	5.900.000,00
Трошоци:	Набавка на ужинки согласно понуда од избран понудувач

2.	**Превоз на ученици од општинските основни училишта за реализирање на еднодневни излети** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	Организирање на превоз за реализација на еднодневни излети во околината на Скопје за учениците од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, во 2023 година.
Стратешки насоки и цели:	Реализирање на дел од програмската активност за реализација на еднодневни излети согласно Годишните Програми за реализирање на екскурзии на сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош, изготвени согласно Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните

	училишта; Финансиско олеснување на родителите на учениците од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош.
Очекувани резултати:	Дружење меѓу учениците и учениците и наставниците, социјализација, едукација за излетничките места со посета на културно историски обележја. Финансиска помош за родителите на учениците.
Целна група:	Ученици и наставници од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош.
Предвидена финансиска рамка:	2.500.000.00
Трошоци:	Обезбедување превоз на ученици преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2023 година.

3.	**Секојдневен превоз на учениците од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	Обезбедување на месечни билети за секојдневен превоз на ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, за месеците додека трае школската година.

Стратешки насоки и цели:	- Усогласување со законска регулатива согласно член 73 став (1) од Законот за основното образование. - Олеснет и безбеден превоз до најблиското општинско основно училиште
Очекувани резултати:	Финансиска помош на родителите на учениците од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош
Целна група:	Ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош кои местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште.
Предвидена финансиска рамка:	2.000.000.00
Трошоци:	Обезбедување превоз на ученици преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2023 година.

4.	**Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта ќе ги опфати талентираните ученици од 8 (осмо) и 9 (деветто) одделение од училиштата на територија на Општина Карпош, жители на Општина Карпош, за постигнати резултати од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста на меѓународни, државни и градски натпревари. Огласот за стипендии за телентирани ученици ќе се објави за учебната 2023/2024 година. Стипендиите се доделуваат за осум месеци и се во две категории, и тоа:

	-Прва категорија 3.000,00 денари, -Втора категорија 2.500,00 денари. Комисија составена од членови на Советот на Општина Карпош и вработени во администрацијата, ги разгледува и одлучува по пристигнатите барања за доделување стипендија за талентирани ученици. На ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (образование и спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува една стипендија, по негов избор, врз основа на доставена изјава за која стипендија се одлучил. Постапката по јавен оглас ќе се спроведе по претходно утврдени услови и критериуми.
Услови за доделување стипендија, Критериуми за доделување стипендија и Потребни документи за доделување на стипендија	**Услови за доделување стипендија**: -Да се жители на општина Карпош (адреса на живеење). -Да се редовни ученици во VIII или IX одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош. -Да имаат освоено I или II место на натпревари (градски, државни, меѓународни).
	Критериуми за доделување стипендија: Право на разгледување имаат само дипломи за освоено I или II место од здруженија, организации, друштва, асоцијации и сл. акредитирани од Министерство за образование и наука. Освоени I или II место на натпревари од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста од VI до VIII за редовни ученици во 8

	одделение, односно од VII до IX одделение за редовни ученици во 9 одделение: - I и II место на **градски (регионални)** натпревари (2 бода, 1 бод); - I и II место на **државни** натпревари (6 бода, 3 бода); - I и II место на **меѓународни** натпревари (8 бода, 7 бода, во прилог потврда од организаторот на натпреварот дека учествувале минимум 3 (три) или повеќе држави на меѓународниот натпревар). Втора категорија ќе се додели на ученици кои освоиле од 4 (четири) бодови до 5 (пет); Прва категорија ќе се додели на ученици кои освоиле од 6 (шест) и повеќе бодови. *Освоените места на групни натпревари нема да бидат бодувани. **Потребни документи за доделување стипендија:** Со барањето, учесниците на Огласот треба да достават: -Документ како доказ дека живее во Општина Карпош (лична карта од родител/старател); -Потврда од училиштето дека е редовен ученик во VIII односно IX одделение во учебната 2023/2024 во општинското основно училиште од територија на Општина Карпош; -Фотокопии од дипломи од освоени места на натпревари од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста од VI и VII одд. за редовни ученици во VIII одд и од VII и VIII одд. за редовни ученици во IX одделение; -Препорака од класниот раководител или предметниот наставник;
Стратешки насоки и цели:	Целта е да се стимулира и развива талентот на овие ученици, за понатамошно надградување во областите каде покажуваат успеси.

Очекувани резултати:	-учество на разни натпревари од областа на науката, техниката, културата и уметноста; -создавање вистински вредности и навики кај учениците
Целна група:	Редовни ученици од 8-мо и 9-то одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	2.000.000,00
Трошоци	Парични средства за учениците во времетраење од осум месеци во текот на календарската година.
Организатор	Општина Карпош
Овластување	Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои се редовни ученици во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на територија на Општина Карпош Овластувањето подразбира: - Донесување Одлука за јавен оглас за Стипендии за талентирани ученици жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош - Објава на јавен оглас за Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош - Формирање на комисија - Записник

	- Извештај - Одлука за определување на стипендии за талентирани ученици - Известување за избор на одобрените стипендии за талентирани ученици - Подготовка на решенија за исплата стипендии за талентирани ученици -Донесување и други акти во врска со предметната постапка

5.	**Награди за првенци на генерација од општинските основни училишта** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	**5.а) Еднократна финансиска поддршка на првенци на генерација** Општина Карпош континуирано ги следи најдобрите ученици, ги мотивира и наградува. На крајот на учебната година секое општинско основно училиште на територија на Општина Карпош избира првенец на генерација согласно пропишани училишни критериуми кои треба да ги исполони. Наставничките совети на училиштата врз основа на предлогот од Комисијата за избор на првенец на генерација, одлучуваат за изборот на ученикот кој ќе биде прогласен за првенец на генерација по што доставуваат известување до Општина Карпош. За оваа активност Општина Карпош ќе обезбеди еднократна финансиска поддршка за 10-те ученици - првенци на генерација со вкупен буџет 120.000,00 денари. **5.б) Летен одмор за првенците на генерација од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош** Општината организира летен одмор за најдобрите 10 ученици, првенци на генерација од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош. Предвидено

	е летниот одмор да се реализира во период на летниот распуст за учениците, со обезбедени сместување, храна и превоз. За оваа активност Општина Карпош планира буџет од 280.000,00 денари
Стратешки насоки и цели:	**5.а)** Целта е учениците да се наградат за нивниот успех и да се мотивираат за напредок во понатамошното образование. **5.б)** Целта е учениците да имаат забава, дружење, одмор и социјализација на учениците - Пливање, спорт и рекреација - Посета на културно - историски обележја на градот
Очекувани резултати:	-поттик на учениците за учество на разни меѓународни, државни, градски и општински натпревари конкурси и изложби -создавање вистински вредности и навики кај учениците -Осамостојување, создавање на поголема одговорност и социјализација на учениците
Целна група:	10 ученици - првенци на генерација од десетте општински основни училишта во Општина Карпош, наставници, вработени во Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**400.000,00**
Трошоци:	Парични награди за првенци на генерација: 5.а) 10 ученици по 10.000,00 денари + персонален данок 5.б) летен одмор /превоз, сместување, храна / согласно понудата од избран понудувач

6.	**Еднократна финансиска поддршка од областа на образованието** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	Доделување еднократна финансиска поддршка на лица кои се занимаваат со активности во областа образование и ќе биде наменета за реализација на проекти, едукации, доедукации, доквалификации и друг вид барања од областа на образованието, до 30.000,00 (триесет илјади) денари. За таа цел Градоначалникот на Општина Карпош формира комисија составена од пет члена (два члена од општинската администрација и три члена од членовите на Советот на Општина Карпош) која ќе ги разгледува апликациите. Право на аплицирање имаат лица жители на Општина Карпош, кои реализираат активности од областа на образованието. По реализирање на активноста лицето е должно да достави извештај за реализираната активност.
Стратешки насоки и цели:	- Поддршка и стимулирање за постигнување на подобри резултати во образованието на лица од Општина Карпош.
Очекувани резултати:	Подигнување на нивото за едукација на ученици, наставен кадар и поединци жители на Општина Карпош
Целна група:	Жители на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**600.000.00 денари**
Трошоци:	Трошоци поврзани со финансиска поддршка

7.	**Финансиска поддршка за проекти од областа на образованието** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	Оштината распишува Јавен оглас на кој право на аплицирање имаат физички лица жители на Општина Карпош, здруженија и правни лица регистрирани во

	Општина Карпош за дејноста образование. Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2023 година. По доставените барања за реализација на проекти, одлучува Комисија составена од членови на Советот на Општина Карпош и вработени во општинската администрација. По реализирање на проектот, апликантот е должен да достави извештај за активности и финансиски извештај за реализираниот проект и сметки за одобрените финансиски средства од страна на Општина Карпош.
Потребни документи, услови и критериуми	**I. Потребни документи и услови за учество** **За физички лица:** -Лична карта во фотокопија; -Изработен проект; -Финансиски план на проектот; **За правни лица:** -Изработен проект; -Финансиски план на проектот; -Тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ, не постара од 6 (шест) месеци од денот на доставување; -Портфолио **II. Критериуми за доделување на финансиска поддршка:** **1.** Проектот да е од посебен интерес за

	учениците и жителите на Општина Карпош 2. Проектот да предвидува вклучување на учениците/наставниците/стручните соработници од општинските основни училишта во Општина Карпош или да е наменет за нив.
Стратешки насоки и цели:	-Поттик за едукација, доедукација и усовршување -Мотивирање на жители од Општина Карпош за државни и меѓународни постигнувања
Очекувани резултати:	Стекнување со поголемо знаење и вештини во областа на образованието. Едукација и професионално усовршување, поголеми успеси на државно и меѓународно ниво и реализација на поддржаните проекти.
Целна група:	Физички лица, здруженија на граѓани, претпријатија, ученици, наставници и други во Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**600.000.00 денари**
Трошоци:	Трошоци поврзани со проекти
Овластување	Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази. Овластувањето подразбира: - Донесување Одлука , - Објава на јавен оглас - Формирање на комисија по претходна верификација на членови од Советот од Советот - Записник - Извештај - Одлука за определување - Известување за избор - Решенија за исплата

	-Донесување и други акти во врска со предметната постапка

8.	**Награди за најдобро уреден еко-училишен двор** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	Со цел подигање на свеста на учениците, родителите, наставниците за важноста на животнатасредина и рециклирањето, како модел за заштита на животната средина, училиштата ќе се натпреваруваат за најдобро уреден еко-училишен двор (катче и уреденост на дворот). Изборот за најдобро уреден еко-училишен двор ќе го врши Комисија ќе биде формирана од Градоначалникот, составена од 3 (три) членови од Советот на Општина Карпош и 2 (два) члена од општинскатаадминистрација. Комисијата при оценувањето треба да земе во предвид и уреденоста т.е. хигиената на целиот училишен двор, преземени активности за чистење и одржување на училишниот двор од самите ученици. Наградените училишта добиваат парична награда во висина од: 70.000 денари-прво место 50. 000 денари-второ место Предвидено е оваа активност да се реализира во период

	март-мај 2023 година
Стратешки насоки и цели:	Финансиска поддршка за основните општински училишта, подигање на еколошката свест, употреба на рециклирани материјали и нивно понатамошно користење и реупотреба
Очекувани резултати:	Поттикната мотивираност и креативност за создавање на здрава средина за учеење и развој и развивање на еколошката свест на сите чинители во воспитно-образовниот процес
Целна група:	Основни општински училишта од Општина Карпош Ученици, родители и наставници од основните општински училишпта на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	150.000.00
Трошоци	Трошоци за награди
Овластување	Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази. Овластувањето подразбира: - Донесување Одлука , - Објава на јавен оглас - Формирање на комисија - Записник - Извештај - Одлука за определување - Известување за избор - Решенија за исплата -Донесување и други акти во врска со предметната постапка

9.	**Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош** **„Цветно дефиле“** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	По повод денот на општината, ученици од основните училишта и деца од градинките на територија на Општина Карпош дефилираат од своите училишта и градинки до местото на одржување на настанот, со цветни додатоци и транспаренти. На плоштадот во Општина Карпош се одржуваат музичките настапи на талентираните ученици и деца од градинките со музички, кореографски или актерски настапи. Настанот го проследуваат градоначалникот со гостите од збратимените градови.
Стратешки насоки и цели:	Стимулирање на креативноста, дружење кај учениците и забава меѓу најмладите и промоција на младите таленти
Очекувани резултати:	-Развивање на другарството помеѓу децата -заинтересираност за учество кај учениците. - подигнување на нивото за сценски настап.
Целна група:	Децата од градинките и учениците од основните училишта од Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	200.000.00
Трошоци:	- Озвучување, - Водител, - Балони и бомбони за децата-учесници во „Цветно дефиле“

10.	**Одбележување на 1 септември – Денот на првачињата од општинските основни училишта во Општина Карпош** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	Градоначалникот, советниците и вработените од одделението за образование ќе ги посетат првачињата и ќе им посакаат успешен почеток на учебната година. На првиот училишен ден секое општинско основно училиште ќе организира соодветна претстава и активности по повод приемот на првачињата на првиот училишен ден. Општината ќе исплати финансиски средства во вредност од 20.000,00 денари на секое општинско основно училиште.
Стратешки насоки и цели:	Целта е финансиска помош на училиштата да организираат соодветна претстава и активности по повод приемот на првачињата на првиот училишен ден
Очекувани резултати:	Мотивација и топло добредојде на првачињата за започнување со образовниот процес
Целна група:	Општинските основни училишта во Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**200.000,00 денари**
Трошоци:	Финансиски средства за општинските основни училишта

11.	**Меѓуетничка интеграција на младите во образованието** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	Општина Карпош ја поддржува меѓуетничката интеграција со финансиска помош на општинските основни училишта на територија на Општина Карпош. Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои што има за цел интеракција, односно интеграција на етнички/јазично мешани групи учесници, балансирани групи учесници според етничката припадност, полот и возраста, интеракција помеѓу учесниците на различни етнички/јазични групи (во текот на активноста учениците од едниот наставен јазик/едната етничка група, соработуваат со учениците од другиот наставен јазик/другата етничка група, користење на сите

	застапени јазици рамноправен третман на учесниците од сите етнички/јазични групи, постигнување конкретни заеднички цели со учество на сите застапени етнички заедници спроведувајќи ги планираните активности.
Стратешки насоки и цели:	Градење на свесност за меѓуетничка интеграција преку разновидни обуки, организирање на спортски игри, квизови на знаење, поттикнување на соработката и дружењето помеѓу учениците со збратимените училишта во кој наставата се одвива на македонски и на јазици кои се говорат во училиштата. -целта е прифаќање на различностите и сузбивање на стереотипите и предрасудите, помеѓу учениците во општинските училишта.
Очекувани резултати:	-Зголемување на меѓуетничката кохезија помеѓу учениците во општинските основни училишта. - Реализирање на заеднички ученички спортски активности, забавни игри, културни работилници
Целна група:	Учениците и наставниците од основните училишта
Предвидена финансиска рамка:	**100.000,00 денари**
Трошоци:	По 10.000,00 денари за секое општинско основно училиште на територија на Општина Карпош

12.	**Хорски натпревар меѓу училиштата** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	Училишните хорови на основните општински училишта на територија на Општина Карпош се формирани во училиштата од страна на наставникот по музичко образование. Истите работат континуирано во текот на целата учебна година одржувајќи проби и подготвувајќи композиции во хорска

	изведба. Проектот Хорски натпревар меѓу училиштата, како круна на годишната работа на хоровите е предвидено да се одржи во просториите на едно од основните општински училишта на територија на Општина Карпош каде со награди ќе се закитат трите најдобри хорови. Мотивирачки е тоа што на овој натпревар за освојување награда ќе се борат и музичките педагози од основните училишта преку хорот со кој континуирано работат.
Стратешки насоки и цели:	Зголемување на соработката и дружењето помеѓу учениците и училиштата од Општина Карпош и мотивирање за поголеми успеси на ниво на училиште
Очекувани резултати:	-Развивање на уметнички и натпреварувачки дух кај учениците -Ослободување од трема за сценски настап
Целна група:	Учениците од училишните хорови од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош и нивните ментори
Предвидена финансиска рамка:	**40.000,00 денари**
Трошоци:	-**Награди** (10.000,00 ден - прво место и 8.000,00 ден - второ место) - озвучување - негазиран пијалок за учесниците
Овластување	Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази. Овластувањето подразбира: - Донесување Одлука , - Објава на јавен оглас - Формирање на комисија по претходна верификација на членови од Советот од Советот - Записник - Извештај

	- Одлука за определување - Известување за избор - Решенија за исплата -Донесување и други акти во врска со предметната постапка
13.	**Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош „Карпош има талент“ Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	Активности од учениците по повод роденденот на општината како што се манифестацијата Карпош има талент. Во одбележувањето на денот на општината земаат учество сите училишта со што се претставуваат со по еден настап (пеење, танцување, глума, рецитал, свирење на инструмент и др.) Изборот на најдобрите го врши комисија составена од стручни лица, а Општината на најдобрите им доделува награди.
Стратешки насоки и цели:	Стимулирање на креативноста и талентот кај учениците, поттикнување натпреварувачки дух, дружење и забава меѓу најмладите, социјализација и сл.
Очекувани резултати:	-Заинтересираност за учество кај учениците -Мотивираност за негување на талентите и -Фер натпреварување и развивање на другарството помеѓу децата
Целна група:	Учениците од општинските основни училишта од Општина Карпош, наставниците и родителите
Предвидена финансиска рамка:	**150.000,00 денари**
Трошоци:	

	Карпош има талент -**Награди** за најдобрите три учесници (9.000,00ден -прво место, 6.000,00 ден- второ место и 3.000,00 ден- трето место) - 18.000,00 денари + вклучен персонален данок -Други активности Изнајмување сала, украсување, озвучување, дипломи и пофалници, водител

14.	**Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош** **Избор на најдобра литературна творба** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	По повод одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош, општината предвидува „Избор на најдобра литературна творба“ на тема „ОПШТИНАТА ОД МОИТЕ СОНИШТА“. Право на учество имаат сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош кои ќе достават по 1 (една) литературна творба (поезија или проза), од ученици од прво до петто и по една од шесто до деветто одделение од сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош. За оваа активност секое општинско основно училиште согласно нивни утврдени критериуми формира комисија за избор на 1 (една) најдобра литературна творба од училиштето која ќе ја достави до Општина Карпош, во затворен плик, со назнака за „Избор на најдобра литературна творба“ на тема „ОПШТИНАТА ОД МОИТЕ СОНИШТА“, со назив на училиштето. Членовите на училишната комисија треба да се од наставниот кадар, наставници по одделенска настава или наставници по македонски јазик, избрани од Наставнички совет на ООУ. За „Избор на најдобра литературна творба“ ќе одлучува Комисија формирана од Градоначалникот во состав од три членови –надворешни лица, стручни и истакнати лица во областа. За изборот на најдобра литературна творба согласно литературниот конкурс ќе се доделат 3 (три) награди за ученици од прво до петто одделение (одделенска настава) и 3

	(три) награди за ученици од шесто до деветто одделение (предметна настава). <u>Награди за литературна творба за одделенска настава:</u> Прва награда диплома и решение за исплата 4000 денари Втора награда диплома и решение за исплата 3000 денари Трета награда диплома и решение за исплата 2000 денари <u>Награди за литературна творба за предметна настава:</u> Прва награда диплома и решение за исплата 4000 денари Втора награда диплома и решение за исплата 3000 денари Трета награда диплома и решение за исплата 2000 денари
Стратешки насоки и цели:	Стимулирање на креативноста и талентот за пишување кај учениците и поттикнување на натпреварувачки дух
Очекувани резултати:	-Поттикнување и откривање на талентот за пишување кај учениците -Мотивирање и можност за развивање на талентот -Дружење меѓу учениците
Целна група:	Учениците од општинските основни училишта под ингеренција на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	**100.000,00 денари**
Овластување	Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази. Овластувањето подразбира: - Донесување Одлука , - Објава на јавен оглас - Формирање на комисија по претходна верификација на членови од Советот од Советот - Записник - Извештај - Одлука за определување

	- Известување за избор - Решенија за исплата -Донесување и други акти во врска со предметната постапка

15.	**Креативен центар Карпош** **Реализатор: Општина Карпош**
Опис на активности:	- Организацијана најмалку по една работилницаво секоја од единиците на КЦК во училиштата чиј основач е општина Карпош и тоа: - Произведуваме храна - Што јадеме, што пиеме? - Приказни за ДНК и гените - Тајните на дизајнот - Светот на роботите и дроновите - Различниизворинаенергија - Создаваме музика - Дружење со ѕвездите - Магична хемија - Ние сме пиротехничари, не пиромани - Кралството на габите во Карпош - Растенијата – фабрики за кислород - Млади карпошеви копаничари - Културното наследство на Карпош

	- Животинскиот свет на Водно и Вардар - Организација на обуки за наставници за професионален развој од различни области за потребите на наставниците во насока на подобрување на образовниот процес (Обука за наставниците по иновации според CEFE методологија за развивање на вештини и компетенции) - Изработка на сетови за експериментирање по одделни предмети за сите ученици во општинските основни училишта во Карпош - Организација на КЦК истражувачки караван кој ќе посети други општини со што би се споделувале искуствата од функционирањето на КЦК - Изработка на пропаганден материјал (маици, капи, беџови, нотеси, брошура, леток) - Набавка на нова опрема за потребите на единиците во рамки на КЦК - Учество на конкурси за финансирање на образовни и истражувачки проекти за ученици Од општина Карпош од домашни и меѓународни извори
Стратешки насоки и цели:	- КЦК е формиран во 2016 година за да ги однесе учениците во еден друг свет, во возбудливиот свет на науката и уметноста. Нивната желба за нови сознанија наликува на патот на уметниците и научниците кои никогаш не ја изгубиле младешката љубопитност и кои постојано се одушевуваат од осознвањата како и зошто нешто се случува или како нешто се создава и пренесува. КЦК сака да пренесе дел од тоа возбудливо патување на кое секогаш се наоѓаат луѓето кои истражуваат и творат. КЦК воедно сака да ја поттикне детската фантазија за да учениците сфатат што е тоа креација, што е тоа наука, какви се нивните алатки и методи и што може да се постигне со нив. Едноставно КЦК е местото во кое учениците од училиштата од општина Карпош ќе се занимаваат со тоа што ги интересира. - Во однос на наставниците од општина Карпош, КЦК е формиран за да биде место каде што нивната посветеност и креативност ќе дојдат до полн израз. Техничките можности и стручната подршка што ќе им ја стави на располагање КЦК треба да им помогнат во осовременување на наставата, унапредување на практичната работа и успешна реализација на воннаставните активности. КЦК треба да послужи како место

	во кое повремено ќе се излегува од секојдневната наставна рутина и потемелно ќе се работи со учениците кои за одредени области пројавуваат интерес и љубопитност. - КЦК сака својата мисија да ја прошири и надвор од границите на општина Карпош и да Се промовира како модел за работа со заинтересирани ученици преку истражување што можеби во иднина ќе го трасира и патот на нивниот професионален развој.
Очекувани резултати:	- Вклучување на над 300 ученици во реализација на работилниците во центрите за: за производство и контрола на храна; дизајн и роботика; климатски промени и енерегетска ефикасност; аудио-визуелни уметности; заштита на животна средина; раковотворби; културно наследство; зоологија; астрономија; ботаника и микологија - Учество на најмалку 20-ина наставници во реализација на работилниците - Посета на најмалку 5 скопски општини заради споделување на искуствата од функционирањето на КЦК - Набавка на дополнителна опрема која ќе може да се користи и во текот на редовната настава во општинските основи училишта во Карпош - Изработка на над 200 експериментални сетови за хемија со кои би експериментирале сите ученици од предметна настава во општина Карпош
Целна група:	Учениците и наставниците од предметна настава од основните училишта на територија на општина Карпош и тоа: „Братство“, „Јан Амос Коменски“, „ВладоТасевски“, „Димо Хаџи Димов“, „Аврам Писевски“, „Петар Поп Арсов“, „Војдан Чернодрински“, „Христијан Тодоровски – Карпош“, „Лазо Тропвски“ и „ВераЦиривири – Трена“.
Предвидена финансис	**300.000,00 денари**

ка рамка:	
Трошоци:	- Организација на работилници 80.000 ден. - Организација на обуки за наставници 20.000 ден. - Изработка на сетови за експериментирање 50.000 ден. - Организација на караван 20.000 ден. - Пропаганден материјал 20.000 ден. - Набавка на опрема 65.000 ден. - Потрошен материјал 30.000 ден. - Оперативни трошоци 15.000 ден.

Вкупна предвидена финансиска рамка: 15.240.000,00 (петнаесет милиони двеста и четириесет илјади денари)

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 15.240.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски од Буџетот на Општина Карпош.

IV. Завршни одредби

Одделението за образование со Секторот за дејности од јавен интерес и Секторот за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-9396/15
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов,

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во бласта на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2023 година

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во бласта на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2023 година, донесена на осумнаесета седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/10
Датум: 29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Вовед

Во денешно време заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра подразбира спроведување на едукативни активности и превземање на соодветни мерки и активности за оспособување на субјектите и граѓаните за заштита од природни непогоди и други несреќи кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето и предизвикуваат големи материјални штети.
При определување на задачите за заштитата и спасувањето се тргнува од целосна различна природа на предизвиците и заканите со кои денес се соочуваме. Имено, актуелните ризици и опасности, по своја природа се непредвидливи, нивните појавни облици се тешко препознатливи, а последиците кои ги предизвикуваат се големи. Во градењето на капацитетите, механизмите и способноста да се одговори на современите ризици и опасности, основно внимание се посветува на следните елементи:

-навремена идентификација и процена на веројатноста и интензитетот на потенцијалните ризици и опасности кои можат да ги загрозат граѓаните и материјалните добра;

-нагласеност на превентивната функција и превземање мерки за подготвеност на институциите, заедниците и граѓаните, кои ќе се спроведуваат во високо координиран и организиран процес;

-рационалност и ефикасност во искористување на ресурсите и капацитетите.

Врз основа на член 22, став 1, точка 10; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Карпош во областа на Сектор за поддршка на градоначалник, Одделение за заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2023 година

I. Развојни приоритети и цели

Општина Карпош настојувајќи да одржи чекор за намалување на ризиците од несреќи, обезбедува услови за мирен и безбеден живот на своите граѓани.

II. Проектни активности

1.	
Опис на активности:	Редовен сервис, одржување на против пожарни апарати и хидранти и набавка на нови ПП апарати и хидрантски црева во Општината и урбаните и месните зедници, основните училишта и детските градинки.
Стратешки насоки и цели:	Безбедност на вработените, учениците децата во детските градинки од аспект на заштита од пожари
Очекувани резултати:	Перманентно одржување на апаратите и хидранската мрежа за квалитетно и успешно справување во случај на појава на пожар.
Целна група:	Општината, урбаните и месните зедници, основните училишта и детските градинки.
Предвидена финансиска рамка:	**250.000,00 денари**

2.	
Опис на активности:	Редовна дезинсекција, дезинфекција и дератизација на шахти на подрачјето на општината, како и поставување репелент против змии на објектите во сопственост на општината како и во основните училишта и детските градинки
Стратешки насоки и цели:	Квалитетно живеење на граѓаните во безбедна и сигурна човековата околина.
Очекувани резултати:	Ефикасно уништување на штетни глодари и предизвикувачи на заразни болести.
Целна група:	Подрачјето на општината, на објектите во сопственост на општината како и во основните училишта и детските градинки
Предвидена финансиска рамка:	**950.000,00 денари**

3.	
Опис на активности:	Испитување на отпор на заштитно заземјување на ниско напонска електрична инсталација, испитување на отпор на изолација на ниско напонска електрична инсталација,испитување на непрекинатост на заштитно заземјување, испитување на импеденса, испитување коло на грешка, испитување на ФИД склопки во општината, урбаните и месните зедници, основните училишта и детските градинки;

Стратешки насоки и цели:	Безбедност на вработените, учениците децата во детските градинки ,училиштата и објектите во сопственост на Општината од аспект на заштита од не исправна електрична инсталција и заземнување и спречување на појава на пожар.
Очекувани резултати:	Квалитетно одржување на заштитно заземјување и отпор на изолација на електрична инсталација.
Целна група:	Објектите во сопственост на општината како и во основните училишта и детските градинки.
Предвидена финансиска рамка:	**450.000,00 денари**

4.	
Опис на активности:	Санација на громобранска инсталација во делови на општината, урбаните и месните зедници, основните училишта и детските градинки;
Стратешки насоки и цели:	Безбедност на вработените, учениците децата во детските градинки од аспект на заштита од атмосферски празнења и појава на пожар.
Очекувани резултати:	Квалитетно одржување на системите за громобранско и заштитно заземјување и отпор на изолација .
Целна група:	Објектите во сопственост на општината како и во основните училишта и детските градинки.
Предвидена финансиска рамка:	**200.000,00 денари**

5.	
Опис на активности:	Одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системими за воздушно и водено греење и котли за парно греење во објектите на основните училишта и детските градинки
Стратешки насоки и цели:	Безбедност на вработените, учениците децата од аспект на заштита од пожари
Очекувани резултати:	Заштита од појава на пожар
Целна група:	Објекти на општината и О.У.Аврам Писевски и детските градинки
Предвидена финансиска рамка:	**250.000,00 денари**

6.	
Опис на активности:	Во согласно со членот 21, став 3 и членот 51 став 1, алинеја 3 од Законот за пожарникарство, („Службен весник на РМ" бр.67/04), уредено е дека, Општините и Градот Скопје, односно општините во Градот Скопје, надлежни се да обезбедат простор и финансиски средства за тековна активност на доброволната противпожарна организација на својата територија како единствениот извор за нивно финансирање. Во Буџетот на Општината за 2023 година потребно е да се планираат финансиски средства за доброволни противпожарни организации кои што дејствуваат на

	подрачјето на Општина Карпош. Оваа активност ќе се реализира по пат на јавен повик. Изборот ќе се утврди од комисија формирана од страна на градоначалникот на Општина Карпош. Доброволните противпожарни друштва треба да достават барање до општината со програми и активности за реализација за претходна година.
Стратешки насоки и цели:	Помагање со финансиски средства на доброволни противпожарни организации за вклопување во системот на противпожарна заштита.
Очекувани резултати:	Спроведување на превентивни мерки кои ќе ја подигнат свеста на граѓаните од аспект на противпожарна заштита и учество во противпожарна заштита.
Целна група:	Доброволни противпожарни друштва
Предвидена финансиска рамка:	**60.000,00**

7.	
Опис на активноста	**Процена на штети од природни непогоди и други несреки на движен и недвижен имот.**
Стратешки цели	**Навремено проценка на штети**
Целна група	**Недвижен и подвижен имот на граѓани и институции ,како и имотот на општината**

Предвидени финансиски средства	**300.000,00**

Покрај наведените мерки и активности Одделението за заштита и спасување на граѓани и материјални добра при Секторот за поддршка

на градоначалникот, во текот на 2023година ќе реализира и повеќе други конкретни активности од кои треба да бидат споменати:
- Редовно ажурирање на сите оперативни планови за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
- Редовно годишно ажурирање на мерките за приправност;
- Редовна изработка на известувања до граѓаните со насоки за однесување и превентивни мерки во летниот период од аспект на заштита од пожар;
- Евентуално спроведување на активности што не можат однапред да се предвидат, а што се од интерес за заштита на граѓаните и материјалните добра.

Вкупна предвидена финансиски средства 2.460.000,00 денари

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 2.460.000,00 ,денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година. За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2023година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

IV. Завршни одредби

Сектор за поддршка на градоначалник, Одделение за заштита и спасување на граѓани и материјални добра со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата

може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-9396/16
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2023 година

1.Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2023 година, донесена на осумнаесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2022 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/11
Датум:29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2023 година

Со користењето на информатичката технологија се зголемува ефикасноста и ефективноста на работењето на администрацијата и услугите што се нудат како производ на самата администрација. Активностите во Програмата на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2023 година ќе бидат насочени кон обезбедување континуитет во работата и надградба на информатичкиот систем, остварување на целите дефинирани во рамките на стратешките документи, планирање и усогласување со националните стратегии за ИКТ.

I. Развојни приоритети и цели

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2023 година ќе биде насочена кон повеќе области на делување:

- надградба на постоечките софтвер модули;
- современа надградба и обнова на постоечкиот хардвер и софтвер;
- тековно одржување на софтверот;
- надградба на геоинформациониот систем;
- развој на повеќе информатички услуги и интеграција со постојните ИТ-системи за да се обезбеди осовременување на работата на администрацијата;
- обезбедување на електронска комуникација со граѓаните.

II. Проектни активности

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ-стратегии и локалните развојни стратегии.

1.	ОДРЖУВАЊЕ И НАДГРАДБА НА ИТ-СИСТЕМИ
Опис на активности:	Општина Карпош располага со повеќе ИТ-системи кои се неопходни за функционирањето на општината односно услугите кои се нудат на граѓаните. За непречено и современо функционирање на системите потребно е тековно одржување, како и надградба доколку е неопходна. Системи кои се имплементирани во општината и за кои е потребно тековно одржување и надградба се следните: • Електронско архивско и деловодно работење • ГИС (геоинформационен систем)
Стратешки насоки и цели:	Со цел да се унапреди ефикасноста и точноста во работата на стручните служби, како и да се подобрат услугите кои општината ги обезбедува за граѓаните, потребно е тековно одржување и надградба на постоечките ИТ-системи кои се имплементирани во општината.
Очекувани резултати:	Подобрување на услугите кои ги нуди општината
Целна група:	Вработени во општинската администрација, правни и физички лица кои имаат потреба од услугите на општината.
Предвидена финансиска рамка:	1.250.000,00 денари

2.	НАБАВКИ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА СЕРВЕРИ, ОПЕРАТИВНИ СИСТЕМИ, АНТИВИРУСНИ ДЕФИНИЦИИ
Опис на активности:	Потреба од соодветни лиценци ќе се утврдува зависно од потребата за нови апликации кои нема да можат да ги искористат веќе постоечките конфигурации.
Целна група:	Сите сектори
Предвидена финансиска рамка:	400.000,00 денари

3.	ОДРЖУВАЊЕ НА ХАРДВЕРСКИ КОМПОНЕНТИ ВО КОМПЈУТЕРСКИОТ СИСТЕМ
Опис на активности:	Важноста на техничкото одржување на компјутерската опрема лежи во одржувањето на оперативноста на компјутерот како целина, и одделно на неговите компоненти. Компонентите на компјутерот имаат потреба од постојана контрола и следење на неговата техничка состојба, бидејќи перформансите на која било од компонентите се ограничени со различен работен век, но со навремено одржување, компонентите на компјутерот ќе служат за пропишаниот работен век. Поради континуирано извршување на секојдневните работни задачи на вработените во општинската администрација, потребно е да се направи редовно одржување и сервисирање на следните компоненти: • Одржување на принтери, плотери, скенер и мултифункциски уреди • Набавка и одржување на сервери
Целна група:	Сите вработени кои поседуваат компјутери или други електронски уреди во Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	700.000,00 денари

4.	НАБАВКА НА ХАРДВЕР И ХАРДВЕРСКИ КОМПОНЕНТИ ВО ИТ-СИСТЕМОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Опис на активности:	Набавка на хардвер и хардверски компоненти за потребите на вработените во Општина Карпош, поради обновување и замена на старите и нефункционални хардвери со нови за извршување на секојдневните работни задачи на вработените во општинската администрација. - Набавка на хардвер (компјутери, лаптопи) - Набавка на хардверски компоненти (печатачи, скенери, плотери, мултифункциски уреди) - Резервни делови за хардвер

Целна група:	Сите вработени во Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	1.000.000,00 денари

5.	ИЗНАЈМУВАЊЕ НА МУЛТИФУНКЦИСКИ УРЕДИ
Опис на активности:	Изнајмување на мултифункциски уреди поради потреба од фотокопирање/скенирање на документи за извршување на работните задачи на вработените во општината.
Целна група:	Вработени во општинската администрација
Предвидена финансиска рамка:	300.000,00 денари

6.	ОДРЖУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА РАБОТНО ВРЕМЕ И ВИДЕОНАДЗОР
Опис на активности:	Одржување на систем за евиденција на работно време и видеонадзор поради законска обврска за постоење на електронски систем за евиденција на работно време во институции со над 20 вработени.
Целна група:	Вработени во општинската администрација
Предвидена финансиска рамка:	350.000,00 денари

Вкупна предвидена финансиска рамка: 4.000.000.00 **денари**

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 4.000.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, ако и согласно потребите ќе се појават во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

IV. Завршни одредби

Одделението за информатичко-комуникациска инфраструктура и Одделението за географски информационен систем (ГИС) при Секторот за поддршка на градоначалникот со секторите за финансиски прашања и за јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од кој било сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-9396/17
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на месна самоуправа за 2023 година

1.Се објавува Прграмата за активностите на Општина Карпош в областа на месна самуправа за 2023 година, донесена на осумнаесетата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/12
Датум:29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2023 година

I. Развојни приоритети и цели

Во Програмата се дефинираат повеќе приоритети поврзани со месната самоуправа,кои треба да придонесат за унапредување на истата и тоа:

- Поддршка и помош во организацијата на разни манифестации кои се организираат во урбаните,односно во месните заедници;

II. Проектни активности

A. Поддршка и помош во организацијата на разни манифестации кои се организираат во урбаните, односно месни заедници

	Прослава на Св. Пантелејмон во Општина Карпош
Опис на активности	**Финансиска и логистичка поддршка на прославата на верскиот празник Св Пантелејмон во урбаната заедница Нерези**
Стратешки насоки и цели	**Почитување на верските празнувања ,негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања.Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од Општината**
Очекувани резултати	**Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на на жителите на урбаната заедница**
Целна Група	**Жителите на урбаната заедница Нерези и пошироко на целата територија на Општината**
Предвидена финансиска рамка	**25.000,оо денари**
Реализатор	**Општина Карпош**

	Прослава Св.Атанасиј во Општина Карпош
Опис на активностите	Финансиска и логистичка поддршка на прославите за верскиот празник Св.Атанасиј во урбаните заедници Влае 1, Пецо Божиновски – Кочо и Злокуќани;
Стратешки насоки и цели	Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања. Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од урбаните заедници и пошироко.
Очекувани резултати	Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаните и месни заедници и пошироко.
Целна група	Жителите на урбаните заедници Влае 1 и Злокуќани,Пецо Божиновски-Кочо
Предвидена финасиска рамка	Вкупна предвидена финансиска рамка 75.000,оо денари од кои: (“Влае 1” 25.000,оо денари, Пецо Божиновски – Кочо 25.000,00 денари и Злокуќани 25.000,00 денари)
Реализатор:	Општина Карпош

	Прослава на Богојавление-Водици во Општина Карпош
Опис на активностите	Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Богојавление-Водици во урбаната заедница Нерези
Стратешки насоки и цели	Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања. Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од Општината.

Очекувани резултати	Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаната заедница
Целна група	Жителите на урбаната заедница Нерези,и пошироко на целата територија на Општината.
Предвидена финасиска рамка	25.000,оо денари
Реализатор:	Општина Карпош

	Одбележување на Ромскиот празник „Ѓурѓовден, 9-ти мај“
Опис на активности:	Манифестацијата „Ѓурѓовден “ се одржува традиционално по осми пат по повод најголемиот ромски празник Ѓурѓовден. 9 ти Мај е ден за излет и културно-забавни програма и заеднички ручек за граѓаните од Ромската популација на територијата на општина Карпош. Учество во забавниот дел од програмата земаат и учениците од ООУ„ Аврам Писевски “ .
Стратешки насоки и цели:	Почитување на традицијата, дружење и одбележување на денот за излет меѓу граѓаните.
Очекувани резултати:	-Намалување на социјалната изолираност -Поттикнивање на младата популација за учество и посета на културни настани
Целна група:	Граѓани од Ромска популација
Предвидена финансиска рамка:	30.000.00 ден

Реализатор:	Општина Карпош

	Прослава Св.Тројица во Општина Карпош
Опис на активностите	Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Св.Тројца во месната заедница Бардовци;
Стратешки насоки и цели	Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања. Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од месната заедница и пошироко.
Очекувани резултати	Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на месната заедница и пошироко.
Целна група	Жителите на месната заедница Бардовци,и пошироко на целата територија на Општината.
Предвидена финасиска рамка	25.000,00 денари
Реализатор:	Општина Карпош

	Прослава Ифтар во Општина Карпош
Опис на активностите	Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Ифтар во урбаната заедница Нерези;

Стратешки насоки и цели	Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања. Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од урбаната заедница и пошироко.
Очекувани резултати	Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаната заедница и пошироко.
Реализатор	Жителите на урбаната заедница Нерези
Предвидена финасиска рамка	60.000,00 денари
Реализатор:	Општина Карпош

	Прослава на Св.Сава во Општина Карпош
Опис на активностите	Финансиска и логистичка поддршка на прославита за верскиот празник Св.Сава на целата територија на Општина Карпош , по Урбани и Месни заедници;
Стратешки насоки и цели	Почитување на верските празнувања, негување и продолжување на народните обичаи при верските празнувања. Дружење и непосредна комуникација на граѓаните од територијата на Општината,од сите урбани и месни заедници.
Очекувани резултати	Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаните и месни заедници
Целна група	Жителите на урбаните и месни заедници на територијата на Општина Карпош

Предвидена финасиска рамка	40. 000,00 денари
Реализатор:	Општина Карпош реализирано на Српски културен центар

	Прослава на 8-ми септември Денот на Независноста во Општина *Карпош*
Опис на активностите	Финансиска и логистичка поддршка за Денот на Независноста 8 ми Септември
Стратешки насоки и цели	Почитување на одбележувањето на 8 ми Септември денот на Македонската Независност самобитност и државотворност
Очекувани резултати	Зачувување на Државноста и самобитноста на македонскиот народ односно на граѓаните жители на Урбаните и месни заедници
Целна група	Жителите на урбаните и месна заедница на територијата на Општина Карпош
Предвидена финасиска рамка	20.000,оо ден
Реализатор:	Општина Карпош

Вкупна предвидена финансиска рамка: 300.000,00денари

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 300.000,оо денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата,а кои согласно потребите ке се појават во текот на 2023 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

IV.Завршни одредби

Одделението за месна самоуправа со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно

имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа програма.Покренувањето на нови иницијативи,како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-9396/18
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2023 година

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2023 година, донесена на осумнаесета седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/13
Датум:29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Вовед

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2023 година има цел да го промовира и унапреди начелото за еднаквост меѓу жените и мажите согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012, 30/2013, 166/2014), Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство.

Програмата предвидува организирање на трибини, работилници и советувања од повеќе области, како и конкретни проекти чие имплементирање ќе придонесе за зголемување на нивото на јавната свест за потребата од еднаквите можности меѓу жените и мажите.

Програмата ќе се реализира во рамките на расположливите материјални и финансиски средства, во соработка со надлежните институции во државата, невладиниорганизации, како и здруженија на граѓани кои дејствуваат во сферата на правата на жените.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 ичлен 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2023 година

I. Развојни приоритети и цели

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2022 годинапредвидува неколку приоритетни области за унапредување и промовирање на концептот за еднакви можности меѓу жените и мажите во општина Карпош.

Приоритетни цели предвидени во Програмата се:

1. Одбележување на меѓународниот ден на жената
2. Унапредување на здравјето на жените и мажите;
3. Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртвите од семејно насилство
4. Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација
5. Надминување на родови стереотпи

II. Проектниактивности

1.	Одбележување на меѓународниот ден на жената
Опис на активности:	Одржување на ликовна манифестација во која жените ќе земат учество како творци во уметноста
Предлагач:	Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа

Стратешки насоки и цели:	Разбивање на стереотипите во уметноста кои укажуваат на тоа дека жените се инспирација и музи на уметниците. Промовирање на жените уметници преку нивни ликовни дела и уметнички творби.
Очекувани резултати:	Учество на што поголем број на жени уметници кои ќе создадат врвни и оригинални уметнички творби и ликовни дела. Поттик на сите талентирани жени да се остварат во полето за кое поседуваат талент и дарба.
Целна група:	Сите жители од Општина Карпош.
Предвидена финансиска рамка:	100.000,00 денари

2.	Унапредување на здравјето на жените и мажите
Опис на активности:	Одржување на трибини, советувалишта и работилници кои би се спровеле во месеци кога се одбележуваат денови на женски репродуктивно здравје и менструална хигиена како и трибини и советувалишта за машкото здравје
Предлагач:	Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа
Стратешки насоки и цели:	Унапредување на здравјето на жените и мажите преку подигање на свеста за редовни лекарски контроли за превенција од болести кои ја погодуваат женската и машката популација.

Очекувани резултати:	Унапредување на здравјето на жените и машите преку подигање на свеста за редовни лекарски контроли за превенција од болести. Иницијативи за законски измени и стратегии насочени кон подобрување на репродуктивното здравје кај жените и мажите
Целна група:	Сите жители од Општина Карпош.
Предвидена финансиска рамка:	200.000,00 денари

3.	Превенција и советување за спречување на семејното насилство
Опис на активности:	Одржување на работилници за подигање на свеста за спречување на семејното насилство и насилството кај жените, изработка на **локална стратегија за заштита и помош на жртвите од семејно насилство и насилство врз жените**
Предлагач	Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа
Стратешки насоки и цели:	Подигање на свеста за постоење на семејното насилство и негово препознавање и помош на жртвите од семејно насилство. Спроведување на законските регулативи и обврски на ЕЛС кои произлегуваат од Истанбулската конвенција
Очекувани резултати:	Подигање на свеста за постоење на семејното насилство во нашето опкружување; изнаоѓање на начин за откривање и препознавање на жртвите од семејно насилство, особено кај децата; укажување на законските регулативи за

	спречување на семејното насилство.
Целна група:	Жени и деца жртви на семејно насилство. Жртви на семејно насилство од целата држава
Предвидена финансиска рамка:	200.000,00 денари

4.	**Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација**
Опис на активности:	Спроведување на проекти и активности од областа на спречување и заштита од дискриминација врз основа на пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, јазик, раса, религија или верско убедување, возраст, општествен статус и било која друга основа, како и активности кои се насочени кон обезбедување на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација во остварувањето на човековите права и слободи.
Предлагач	Со цел реализација на оваа програмска активност, Општина Карпош ќе распише Јавен повик на веб страницата на општината, со кој ги повикува сите физички и правни лица да достават предлог-проекти кои се однесуваат на спречување на дискриминација по сите основи.
Стратешки насоки и цели:	Подигање на свеста за постоење на дискриминацијата во нашето опкружување; изнаоѓање на начин за откривање и препознавање на жртвите од дискриминација по било кој основ; укажување на законските регулативи за спречување на дискриминацијата. -Превземање мерки или дејствија за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација
Очекувани резултати:	Препознавање на дискриминацијата по сите основи, подигање на свеста за владеење на принципот на еднаквост, запознавање со правната регулатива која произлегува од законот за заштита

	од дискримнација, учење за еднаквоста и еднаквите човекови права и слободи кои важат за сите луѓе подеднакво бвез разлика на пол, род, родов идентитет, сексуслана определба, општествен и социјален статус или било кој друг основ.
Целна група:	Сите жители на Општина Карпош
Предвидена финансиска рамка:	200.000,00 денари

5.	Надминување на родови стереотипи
Опис на активности:	Спроведување на проект и проектни активности кои се во насока на надминувањето на родовите стереотипи во однос на професионалните амбици
Предлагач на проектот:	Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа
Стратешки насокии цели:	Да се надминат родовите стереотипи во општеството и да им се даде поддршка на помладите да изберат професија која им е по желба и за која имаат афинитети
Очекувани резултати:	Елиминација на родовите стереотипи во професионалните ангажмани, избор на занимање, образование
Целна група:	Сите жители од општината, со посебен акцент на средношколците и младите
Предвидена финансиска рамка:	100.000.00 ден

Вкупна предвидена финансиска рамка: 800.000,00 денари

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 800.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

Програмата е отворена за изменување и дополнување во текот на целата година согласно потребите кои ќе се појават.

IV. Завршни одредби

Координаторот за еднакви можности меѓу жените и мажите со Секторот за финансиски прашања и Секторот за јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози за ради остварување на целите на Програмата може да биде дел од кој било сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот на Општина Карпош.

Број:09-9396/19
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програма за одбележување на 47-годишнината од формирањето на Општина Карпош

1. Се објавува Програмата за одбележување на 47-годишнината од формирањето на Општина Карпош, донесена на осумнаесета седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/14
Датум:29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за одбележување на 47-годишнината од формирањето на Општина Карпош

I. Развојни приоритети и цели

Приоритетни цели предвидени во Програмата се:

1. Достојно одбележување на денот на формирање на Општина Карпош – 3 ноември и афирмација на општината;
2. Соработка со збратимените и пријателските општини.

II. Проектни активности

1.	
Опис на активности:	1.1 Пуштање во употреба на нови инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Карпош. 1.2 Организирање на трибина, дебата или тркалезна маса на актуелна тема. 1.3 Културно-забавни активности: – организирање на музички концерт; – изложба на слики – изложба на фотографии, и – изложба на акварели. 1.4 Спортски активности: – организирање на спортски натпревари;

	– ревијален натпревар во кошарка со екипи од збратимените општини; – промоција на талентираните спортисти, и – училишни спортски игри. 1.5 Манифестации што ќе се организираат од основните училишта во општина Карпош. 1.6 Хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“ (собирање на хуманитарна помош за најзагрозените семејства на територијата на општина Карпош); – цветен собир – цветно дефиле; – литературен конкурс; – квиз; – изложба од конкурсот за најдобра фотографија на учениците од основните училишта, и – доделување на стипендии за талентирани ученици од основното образование на подрачјето на општина Карпош. 1.7 Крводарителска акција. 1.8 Свечена академија – протоколарен дел, и – доделување на плакети за заслужни граѓани на општина Карпош. 1.9 Организирани содржини од туристички, културен и забавен карактер за гостите од збратимените и пријателските општини: Општина Тиват – Црна Гора, Општина Нови Београд, Општина Сремски Карловци, Општина Врњачка Бања – Република Србија, Општина Тријадица – Република Бугарија, Општина Стари Град – Сараево, Општина Травник – Босна и Херцеговина, Флори-сур-Орн (Долна Нормандија) – Франција и Лапта, турска република север Кипар
Стратешки насоки и цели:	Достојно одбележување на годишнината од формирањето на Општина Карпош, како и промоција на можностите и резултатите пред домашни гости и гости од странство.

Очекувани резултати:	– Афирмација на општината, размена на искуства помеѓу општина Карпош и збратимените и пријателските општини; – Презентација на општина Карпош преку разновидни манифестации и настани.
Целна група:	Граѓани на општина Карпош и збратимени и пријателски општини.
Предвидена финансиска рамка:	200.000,00 денари

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 200.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.
За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно со потребите ќе се појават во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

IV. Завршни одредби

Секторот за поддршка на Градоначалникот, со Секторот за финансиски прашања и Секторот за јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од кој било сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-9396/20
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош на Одделението за односи со јавност за 2023 година

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош на Одделението за однси со јавнст за 2023 година, донесена на осумнаесета седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-9629/15
Датум:29.12.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесетата седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Карпош на Одделението за односи со јавност за 2023 година

Вовед

Секторот за односи со јавност и информации на граѓаните преку изработка и имплементација на програма за 2023 година ќе придонесе кон спроведување на активности од областа на комуникациите, поточно односите со јавност на локалната самоуправа со целните публики: граѓаните на Карпош како општа јавност, и сите сегментирани јавности: медиумите, институциите, неладините организации и останатите заинтересирани страни

Секторот во својот состав содржи две одделенија – Одделение за односи со јавност и Одделение за информации на граѓаните. Проектните задачи кои се спроведуваат преку активностите во овие две одделенија во секторот, имаат за цел подигање на транспарентноста на општината, подобрување на комуникацијата со граѓаните, поголема информираност и афирмација на граѓаните за активностите кои се преземаат и извршуваат од страна на општината.

I. Развојни приоритети и цели

- Транспарентно и секојдневно информирање на граѓаните за работењето на општината
- Подобрување на двонасочната комуникација преку сеопфатност, квалитет и користење на сите современи алатки и постојни канали на комуникација
- Вклучување на сегментираните и општатата јавност во решавањето на проблеми и креирање на политики преку воведување на онлајн апликации кои придонесуваат кон активно и партиципативно граѓанство
- Креирање на дата база која овозможува поставување на краткорочни и долгорочни комуникациски стратегии

II. Проектни активности

1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИТЕ СЕКТОРИ ПРЕКУ, СО ЗАКОН ПРОПИШАНИ ОБВРСКИ

1.1. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување во дневен весник на македонски јазик)
1.2. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување во втор дневен весник на македонски јазик)
1.3. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување во дневен весник на јазик различен од македонскиот)

2. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО МЕДИУМИТЕ, ПРЕКУ ПРЕТПЛАТА НА ДНЕВЕН И НЕДЕЛЕН ПЕЧАТ

3. ИЗРАБОТКА НА PRESS CLIPIING КАКО НЕОПХОДНА ДАТА БАЗА ВО КРЕИРАЊЕ НА КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА

4. СНИМАЊЕ НА ВИДЕО ПРИЛОЗИ

5. ДНЕВНО АЖУРИРАЊЕ НА ВЕБ СТРАНИЦАТА НА ОПШТИНА КАРПОШ

6. СОРАБОТКА СО ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА, ЗА НАЈАВУВАЊЕ НАСТАНИ ЗНАЧАЈНИ ЗА ОПШТИНА КАРПОШ

7. СЕРВИСИРАЊЕ И НАБВКИ НА ВИДЕО И ФОТООПРЕМА

8. ОДРЖУВАЊЕ НА ВЕБ СТРАНАТА НА ОПШТИНА КАРПОШ, ХОСТИНГ И ДОМЕЈН

1.1.	**Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.)**
Опис на активности:	Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија,

	радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи) согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл.) .
Стратешки насоки и цели:	✓ Транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди. ✓ Некои закони предвидуваат огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик различен од македонскиот .
Очекувани резултати:	Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација, но и поголема и благовремена информираност и партиципативност на граѓаните во општинските услуги.
Целна група:	Граѓаните на Карпош, инвеститори, медиуми, ученици и спортисти
Предвидена финансиска рамка:	**800.000,00 денари**

1.2.	**Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во втор весник на македонски јазик**
Опис на активности:	Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални

	мрежи) согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл) .
Стратешки насоки и цели:	✓ Транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди. ✓ Некои закони предвидуваат огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик различен од македонскиот ✓ Според некои предметни закони огласувањето мора да оди **во два дневни весници на македонски јазик, што упатува на дополнително обезбедување простор и средства во уште еден, нов, дневен весник за огласување на соопштенија и информации за потребите на Општина Карпош.**
Очекувани резултати:	Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација, но и поголема и благовремена информираност и партиципативност на граѓаните во општинските услуги.
Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош инвеститори, медиуми, ученици и спортисти
Предвидена финансиска	**200.000,00 денари**

рамка:	
1.3.	**Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во дневен весник на јазик различен од македонскиот**
Опис на активности:	Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи) согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл) .
Стратешки насоки и цели:	✓ Транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди. ✓ Некои закони предвидуваа огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик различен од македонскиот
Очекувани резултати:	Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација, но и поголема и благовремена информираност и партиципативност на граѓаните во општинските услуги.

Целна група:	Граѓаните на Општина Карпош Граѓаните на Општина Карпош инвеститори, медиуми, ученици и спортисти
Предвидена финансиска рамка:	**500.000,00 денари**

2.	**Унапредување на соработката со медиумите, преку претплата на дневен и неделен печат**
Опис на активности:	Во континуитет или периодично, Општината има потреба од тековно информирање, но и увид за присуството во медиумите (традиционални и нови) со огласување на своите активности
Стратешки насоки и цели:	✓ Презентација на општинските активности преку повеќе канали на комуникација, меѓу кои печатените и електронските медиуми, ✓ Зголемување на позитивната перцепција за одредени настани кои се важни за локалната власт ✓ Поголема достапност до разноврсна публика по возраст, образование, родова припадност и сл.
Очекувани резултати:	Зголемен отчетност на локалната самоуправа и начинот на водење на политиките, поголема партиципативност на граѓаните во предлози и идеи како и двонасочна комуникација (посебно преку интернет порталите)
Целна група:	Медиуми,граѓани

Предвидена финансиска рамка:	**60.000,00 денари**

3.	**Изработка на press clipiing како неопходна дата база во креирање на комуникациска стратегија (од аутсорсинг компанија)**
Опис на активности:	Темелно и контролирано следење на медиумската перцепција и начинот на известување на традиционалните и електронските медиуми за активностите и работењето на локалната власт преку big data платформа. Најчесто користена и најпристапна е press clippingot, која ја изработуваат специјализирани аутсорсинг компании
Стратешки насоки и цели:	✓ Добивање на правовремени (најбрзи) квантитативни и квалитативни сознанија за медиумската перцепција за работата на Општината, Советот и градоначалникот ✓ Креирање или прилагодување на комуникациската стратегија соодветно на дневната, месечна анализа на текстови ✓ Добивање на реална слика и насочување на комуникациите кон највлијателните (opinion makers)креатори на мислење во јавноста
Очекувани резултати:	Брзо и правилно насочување на комуникациите, подобрена слика и медиумска перцепција за Општината и индиректно на општата јавност
Целна група:	Медиуми,граѓани
Предвидена финансиска	**300.000,00 денари**

рамка:	

4.	**Снимање на видео прилози**
Опис на активности:	Општината „поседува“ тим од телевизиски новинари, камерман и монтажер кои активно ги следат сите настани во Општината. За таа цел изготвуваат видео прилози кои се стават на you tube каналот на Општина Карпош.
Стратешки насоки и цели:	Целта од креирање на сопствени видео прилози е првенствено информативна. Видео записите и општинскиот јутјуб канал од комуникациски аспект има посилна моќ и пристапност до публиката/граѓаните. Поголемата гледаност и автентичен приказ од случувањата ја зголемува и афирмацијата на работата на локалната самоуправа.
Очекувани резултати:	Поголема информираност и афирмација на граѓаните за активностите кои се преземаат и извршуваат со нивните средства како алиментатори на општинскиот буџет.
Целна група:	Општата јавност и сите граѓани на Карпош, од сите возрасти.
Предвидена финансиска рамка:	**нема**

5.	**Дневно ажурирање на веб страницата на Општината**
Опис на активности:	Еден од клучните комуникациски канали/медиум на Општината е веб порталот, односно интернет страницата www.karpos.gov.mk Таа меѓудругото, функционира и како дневен портал, со постојано апдејтирање на најновите вести,

	настани и активности на локалбата сампуправа
Стратешки насоки и цели:	Благовремено известување на јавноста
Очекувани резултати:	Подобрување и благовремено најавување на општинските настани
Целна група:	Граѓани, медиуми, НВО, институции
Предвидена финансиска рамка:	**нема**

6.	**Соработка со информативна агенција, за најавување настани значајни за Општина Карпош**
Опис на активности:	Општината има потреба од соработка со информативна агенција која е најбрз и сеопфатен информатор на сите останати медиуми, како и информативен сервис
Стратешки насоки и цели:	Благовремено известување на јавноста
Очекувани резултати:	Подобрување и благовремено најавување на општинските настани
Целна група:	Граѓани, медиуми, НВО, институции
Предвидена финансиска рамка:	**35.000,00 денари**

7.	**Сервисирање и набавка на видео и фотоопрема**
Опис на активности:	За потребите на Општина Карпош се продуцираат информативни видео записи и галерии фотографии кои се пласираат на интернет страницата, на социјалните мрежи, како и до сите медиуми

Стратешки насоки и цели:	Побогато и илустративно информаирање на јавноста
Очекувани резултати:	Поголема отчетност и подобар рејтинг на Општината
Целна група:	Граѓани, медиуми
Предвидена финансиска рамка:	**400.000,00 денари**

8.	**Одржување на веб страната на Општина Карпош, хостинг и домејн**
Опис на активности:	За потребите на Општина Карпош потребно е да се обезбеди континуирана поддршка и одржување на веб страната на Општина Карпош, хостинг и домејн
Стратешки насоки и цели:	Стабилно илустративно информирање на јавноста
Очекувани резултати:	Поголема отчетност и подобар рејтинг на Општината
Целна група:	Граѓани, медиуми
Предвидена финансиска рамка:	**30.000,00 денари**

Вкупна предвидена финансиска рамка: 2.325.000,00 денари

III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **2.325.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

IV. Завршни одредби

Секторот за однодси со јавност и информации на граѓаните со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски

рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-9396/21
Датум:26.12.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.